Се прогласува Законот за измена и дополнение на Законот за отстапување на републиките дел од приходот од сојузен данок на промет на стоки на мало, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1017
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКИТЕ ДЕЛ ОД ПРИХОДОТ ОД СОЈУЗЕН ДАНОК НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО

Член 1

Во Законот за отстапување на републиките дел од приходот од сојузен данок на промет на стоки на мало („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/65) во членот 1 процентот: „20%" се заменува со процентот: „42,5%".

По ставот 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Покрај приходот по стапката од ставот 1 на овој член, на Социјалистичка Република Црна Гора ѝ се отстапуваат од сојузниот данок на промет на стоки на мало што ќе се оствари на територијата на таа република уште и 45,1%, така што на таа република од сојузниот данок на промет на стоки на мало ѝ се отстапуваат вкупно 87,6%.

Од делот на приходот од сојузниот данок на промет на стоки на мало што ќе се оствари според ст. 1 и 2 на овој член, републиките ќе го финансираат извршувањето и на следните обврски на федерацијата што таа до влегувањето во сила на овој закон го финансирала, и тоа. инвалидските принадлежности, боречкиот додаток, обврските на федерацијата според членот 116 став 2 точка 1 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, трајно пренесените функции во областа на внатрешните работи, валоризацијата на пензиите на определени осигуреници на службата на внатрешните работи, како и веќе пренесените форми на инвалидска заштита за чие финансирање на републиките им ги обезбедуваше средствата федерацијата со отстапувањето дел од приходот од сојузниот придонес од личниот доход од работен однос."

Член 2

Врз товар на делот на приходот од сојузниот данок на промет на стоки на мало кој според членот 1 на Законот за отстапување на републиките дел од приходот од сојузен данок на промет на стоки на мало им припаѓа на републиките, ќе се пресметаат расходите што за обврските од ставот 3 на тој член се извршени врз товар на буџетските приходи на федерацијата во периодот јануари-март 1971 година.

Начинот на пресметувањето на расходите од ставот 1 на овој член ќе го пропише, по потреба, сојузниот секретар за финансии.

Член 3

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 1971 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**135.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВОТО НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ШТЕТИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА ВОЈВОДИНА

Се прогласува Законот за измена на Законот за учеството на федерацијата во отстранувањето на штетите од поплавите во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 март 1971 година.

ПР бр. 1008
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВОТО НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ШТЕТИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА ВОЈВОДИНА

Член 1

Во Законот за учеството на федерацијата во отстранувањето на штетите од поплавите во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина („Службен лист на СФРЈ“, бр. 53/70 и 7/71) членот 2 се менува и гласи:

„Средствата за отстранување на штетите определени во членот 1 од овој закон ги обезбедува федерацијата со отстапување на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина 21% од делот на својот приход од сојузниот данок на промет на стоки на мало што ќе се оствари на територијата на таа покраина.

Приходот на федерацијата од ставот 1 на овој член ѝ се отстапува на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина до намирувањето на обврската на федерацијата од членот 1 на овој закон.“

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува од 1 април 1971 година.

**136.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА КОСОВО ДЕЛ НА ПРИХОДОТ ОД СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО

Се прогласува Законот за отстапување на Социјалистичка Автономна Покраина Косово дел на приходот од сојузниот данок на промет на стоки на мало, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 март 1971 година.

ПР бр. 1007
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА КОСОВО ДЕЛ НА ПРИХОДОТ ОД СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО

Член 1

На Социјалистичка Автономна Покраина Косово поради укинување на сојузниот придонес од личниот доход од работен однос и на сојузниот придонес од личниот доход од земјоделска дејност ѝ се отстапуваат 50,000.000 динари од делот на сојузниот данок на промет на стоки на мало кој ѝ припаѓа на федерацијата, а кој ќе се наплати на територијата на таа покраина.

Член 2

Врз средствата од членот 1 на овој закон нема да се применуваат одредбите од Законот за издвојување на посебни сметки дел на приходот од придонесот од личниот доход од работен однос, од данокот на промет, од царината и од судските такси во 1971 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 53/70).

Член 3

Сојузниот секретар за финансии донесува, по потреба, поблиски прописи за начинот на издвојувањето на средствата од членот 1 на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

**137.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Се прогласува Законот за измена на Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 март 1971 година.

ПР бр. 1004
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Член 1

Во Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/64, 28/66, 1/67, 54/67, 30/68, 56/69, 32/70 и 60/70) во членот 164б ст. 1 и 3 зборовите: „1967, 1968, 1969 и 1970" се заменуваат со зборовите. „1967, 1968, 1969, 1970, 1971 и 1972".

Член 2

По исклучок од одредбата на членот 50 став 2 на Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници, привремено финансирање во 1971 година може да се врши, во согласност со одредбите од тој член, до 31 мај таа година.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**138.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 1971 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени на Законот за обезбедување на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството од 1 јануари до 31 март 1971 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1014
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 1971 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за обезбедување на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството од 1 јануари до 31 март 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/70) во насловот зборовите: „31 март" се заменуваат со зборовите: „30 јуни".

Член 2

Во членот 1, во членот 3 точка 2 и во членот 4 зборовите: „31 март" се заменуваат со зборовите: „30 јуни".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**139.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Се прогласува Законот за дополненија на Основниот закон за претпријатијата, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 28 јануари 1971 година.

ПР бр. 998
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Член 1

Во Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/65, 31/67, 48/68 и 55/69) во членот 36в се додава нов став 2, кој гласи:

„Одредбите на ставот 1 од овој член не се однесуваат на посебните единици со самостојна пресметка од членот 61 на Законот за средствата на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/68, 24/68, 48/68, 42/69, 55/69 и 28/70)."

Член 2

Во членот 36ѓ по ставот 2 се додаваат три нови става, кои гласат:

„Стечајот над имотот на претпријатието не го опфаќа имотот на посебната единица со самостојна пресметка од членот 61 на Законот за средствата на работните организации, ако со договор не е определено поинаку.

Ако се отвори стечај над имотот на претпријатието, посебната единица со самостојна пресметка станува претпријатие.

За обврските настанати пред уписот на посебната единица со самостојна пресметка во судскиот регистар е одговорна и посебната единица до височината на вредноста на средствата вложени во неа од страна на претпријатието. Извршувањето на обврската се спроведува со стапување на доверителите во правата на претпријатието што тоа ги има во посебната единица, во согласност со договорот за заедничкото работење, и тоа согласно со одлуката на судот што го спроведува стечајот над имотот на претпријатието."

Досегашниот став 3 станува став 6.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**140.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за девизното работење, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1020
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Во Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69, 32/70, 47/70 и 53/70) во членот 84 став 1 точката 1 се менува и гласи:

„1) плаќања и наплатувања по сите работи на увоз и извоз на стоки и услуги;".

Во ставот 2 зборовите: „ја врши, по правило, со преглед на документите што се стекнуваат кај неа" се заменуваат со зборовите: „ја врши со преглед на документите на надворешнотрговскиот промет и платниот промет со странство што ѝ се поднесуваат".

По ставот 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Народната банка на Југославија определува кои документи од ставот 2 на овој член и во кој рок треба да ѝ се поднесат на надлежната организациона единица на Народната банка на Југославија.

Одредбата на ставот 3 на овој член не се однесува на поднесувањето пријава за склучена работа и пријава за извоз и увоз на стоки, чие поднесување е регулирано со посебни прописи."

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 5 и 6.

Член 2

Во членот 88 став 1 во уводната реченица бројот: „10.000" се заменува со бројот: „30.000", а бројот: „100.000" — со бројот: „200.000".

Во ставот 2 бројот: „100 000" се заменува со бројот: „200.000".

Во ставот 3 бројот: „300" се заменува со бројот: „1.500", а бројот: „3.000" — со бројот: „6.000".

Член 3

Во членот 89 став 1 по точката 8 се додава нова точка 8а, која гласи:

„8а) ако во рокот не ѝ поднесе определени документи на Народната банка на Југославија за потребите на девизната контрола (член 84);".

Во ставот 2 бројот: „100" се заменува со бројот: „500", а бројот: „1.000" — со бројот: „3.000".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**141.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ОПРЕМА И БРОДОВИ И ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ВО СТРАНСТВО НА КРЕДИТ ВО 1971 ГОДИНА

Се прогласува Законот за обезбедување средства за кредитирање на извозот на опрема и бродови и за изведување инвестициони работи во странство на кредит во 1971 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1015
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## З А К О Н

### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ОПРЕМА И БРОДОВИ И ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ВО СТРАНСТВО НА КРЕДИТ ВО 1971 ГОДИНА

Член 1

До формирањето на фондот на здруженото стопанство за кредитирање и осигурување на извозни работи, со овој закон се обезбедуваат средства за кредитирање на извозот на опрема и бродови и за изведување инвестициони работи во странство на кредит во 1971 година.

Член 2

За целите од членот 1 на овој закон, покрај средствата според Законот за определување на износот до кој Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи може да презема обврски за 1971 и 1972 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/70 и 60/70), се обезбедува и следното:

1) се одлага отплатата на првата рата по кредитот на Народната банка на Југославија даден според членот 4 на Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/70 и 47/70) во износ од 267 милиони динари за периодот по 1971 година;

2) Народната банка на Југославија ќе му даде кредит на Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи (во понатамошниот текст. Фондот) во износ од 88 милиони динари од средствата што во 1971 година Југословенската банка за надворешна трговија ќе ги положи на име отплата на кредитите за извоз од поранешните години;

3) Народната банка на Југославија ќе му даде кредит на Фондот во износ од 700 милиони динари.

На договорите за кредит што ќе ги склучи Фондот со Народната банка на Југославија заради извршување на одредбите на точ 1 до 3 од ставот 1 на овој член, согласност дава сојузниот секретар за финансии.

Член 3

За користење на средствата од членот 1 став 2 на Законот за определување на износот до кој Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи може да презема обврски за 1971 и 1972 година, Фондот ќе склучи договори за кредит со републиките и автономните покраини врз кои овие средства се пренесуваат со посебен закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**142.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ СО СТРАНСТВО

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 30 март 1971 година.

ПР бр. 999
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ СО СТРАНСТВО

Член 1

Во Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ" бр. 14/65, 28/66 и 54/67) во членот 52 став 3 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „а можат да се определат и обврска за полагање кауција или гаранција на банката и други услови за вршење на тие работи".

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Ако со прописите од ставот 1 на овој член се определи обврска за полагање кауција односно гаранција на банката, во случај на загуба на правото на враќање на кауцијата односно наплата на гаранцијата на банката, износот на положената кауција односно износот на гаранцијата претставува приход на федерацијата и се уплатува во сојузниот буџет."

Член 2

По членот 62 се додава нов член 62а, кој гласи:

„Општествено-политичките заедници и работните и други организации вршат преку Државниот секретаријат за народна одбрана увоз на предмети на вооружувањето и воената опрема за потребите на својата територијална одбрана што според законот се должни да ги финансираат.

Државниот секретар за народна одбрана ќе ја пропише постапката за спроведување на одредбата од ставот 1 на овој член."

Член 3

Во членот 64 ставот 1 се менува и гласи:

„Одредбите од овој закон не се однесуват на надворешнотрговскиот промет кој за потребите на оружените сили ги врши непосредно Државниот секретаријат за народна одбрана."

Член 4

По членот 95 се додава нов член 95а, кој гласи:

„Работните организации не можат да се обврзуват со договор за деловно-техничка соработка со странство (член 53 став 2) односно со договор за изведување на инвестициони работи во странство (член 82) да го обезбедуваат странскиот деловен партнер со работници.

Работните организации по исклучок можат да договараат изведување на инвестициони работи во странство, во кои учествуваат само со свои работници, само ако вршењето на таквите работи претставува дејност за која се регистрирани во Југославија и ако тие работи ги вршат во Југославија, а под условите што ќе ги пропише Сојузниот совет за труд, во спогодба со Сојузната стопанска комора и со Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија.

Со прописот од ставот 2 на овој член се утврдуваат случаите и условите под кои работните организации, во рамките на деловната соработка, можат да упатуваат свои работници на работа кај странски деловен партнер."

Член 5

По членот 131 се додаваат нови чл. 131а и 131б, кои гласат:

„Член 131а

Стопанските организации и други правни лица што вршат надворешнотрговски промет се должни во пропишаниот рок од денот на склучувањето на договорот со странски содоговарач да ѝ поднесат на републичката централа односно на експозитурата на Народната банка на Југославија за подрачјето на кое е седиштето на стопанската организација односно на друго правно лице, пријава за склучената работа, како и пријава за раскинување на склучен договор или за други начини на престанок на договорот.

Републичката централа односно експозитурата на Народната банка на Југославија ќе одбие прифаќање на пријава за склучена работа ако од податоците во пријавата и од приложената документација утврди дека склучената работа на промет со странство не е во согласност со важечките прописи.

Решението на републичката централа односно на експозитурата на Народната банка на Југославија е конечно во управната постапка.

Постапката по тужба во управниот спор е итна.

Прифаќањето на пријавата за склучена работа не ги ослободува стопанските организации и другите правни лица од одговорност ако дополнително се утврди дека постои повреда на прописите.

Сојузниот секретар за надворешна трговија донесува поблиски прописи за поднесување на пријавите од ставот 1 на овој член.

Со прописот од ставот 6 на овој член може по исклучок да се предвиди дека во одделни случаи стопанските организации и другите правни лица не се должни да поднесуваат пријави за склучена ра-

бота за вршење одделни стопански услуги, за промет на определени стоки по пат на поштенски пратки и во други слични случаи.

Член 131б

Југословенските граѓани и странци можат да увезуваат, да внесуваат или да примаат од странство предмети што служат за нивните лични потреби и за личните потреби на членовите на нивното потесно семејство, предмети за потребите на своето домаќинство, како и опрема што служи за вршење на дозволената со прописите дејност со лична работа.

Југословенските граѓани и странци можат да извезуваат, да изнесуваат или да испраќаат во странство предмети во количини што очигледно не се наменети за препродажба, ако со други прописи не е поинаку определено

Странците можат да извезуваат, да изнесуваат или да испраќаат во странство предмети со кои се здобиле по основ на наследство без ограничувањето од ставот 2 на овој член ако со други прописи не е определено поинаку.

Сојузниот извршен совет ги пропишува поблиските услови и постапката за увоз, внесување и прием односно извоз, изнесување или испраќање на предмети во смисла на ст 1 до 3 од овој член."

Член 6

Во членот 137 став 1 бројот „10 000" се заменува со бројот: „20 000", а бројот. „100 000" — со бројот: „200 000".

Во ставот 2 бројот „500" се заменува со бројот: „1.000", а бројот: „3.000" — со бројот: „6.000".

Член 7

Во членот 138 став 1 бројот: „5 000" се заменува со бројот: „10.000", а бројот: „50 000" — со бројот: „100 000".

Во ставот 2 бројот: „400" се заменува со бројот: „1.000", а бројот: „2.000" — со бројот: „4.000".

Член 8

Во членот 139 став 1 во уводната реченица бројот „10 000" се заменува со бројот: „20 000", а бројот: „100.000" — со бројот: „200 000".

Се додава нова точка 1, која гласи:

„1) ако не се придржува кон прописите на Сојузниот извршен совет донесени врз основа на членот 37 ст 2 и 3 од овој закон,".

Досегашните точ. 1 до 3 стануваат точ. 2 до 4

По точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) ако склучи работа на извоз на предмети на вооружување или воена опрема или врши надворешнотрговски промет со предмети на вооружување или воена опрема без претходно одобрение од Државниот секретаријат за народна одбрана (член 62);".

Досегашната точка 4 станува точка 6.

По точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:

„7) ако при склучувањето на договор за деловнотехничка соработка со странство односно договор за изведување на инвестициони работи во странство не се придржува кон одредбите на членот 95а став 1 и прописите донесени врз основа на членот 96 ст 2 и 3 од овој закон."

Досегашните точ 5 до 7 стануваат точ 8 до 10.

Во ставот 2 бројот „500" се заменува со бројот: „1.500", а бројот: „3 000" — со бројот: „6 000".

Член 9

Во членот 140 во уводната реченица бројот: „10 000" се заменува со бројот: „20 000", а бројот: „100.000" — со бројот: „200 000".

Член 10

Во членот 141 став 1 бројот „5 000" се заменува со бројот. „20 000", а бројот. „50 000" — со бројот: „200 000".

Во ставот 2 бројот: „400" се заменува со бројот: „1.000", а бројот: „2.000" — со бројот: „6.000".

Член 11

Во членот 142 став 1 во уводната реченица бројот: „5 000" се заменува со бројот: „20.000", а бројот: „50.000" — со бројот: „200.000".

Во ставот 2 бројот. „400" се заменува со бројот: „1.000", а бројот: „2.000" — со бројот: „6.000".

Член 12

Во членот 143 став 1 бројот: „2.000" се заменува со бројот: „5.000", а бројот: „20.000" — со бројот. „100 000".

Во ставот 2 бројот: „100" се заменува со бројот: „500", а бројот: „1 000" — со бројот: „5.000".

Член 13

Во членот 146 став 1 бројот „300" се заменува со бројот „1 500"

Во ставот 2 бројот: „200" се заменува со бројот: „2.000".

Член 14

Во членот 147 став 1 бројот: „10 000" се заменува со бројот: „50 000".

Член 15

По членот 147 се додава нов член 147а, кој гласи.

„Со парична казна до 10 000 динари ќе се казни за прекршок стопанска организација или друго правно лице ако не поднесе пријава за склучена работа, како и пријава за раскинување на склучен договор или за други начини на престанок на договор склучен со странски содоговарач во пропишаниот рок (член 131а став 1).

За дејствието од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна до 1.000 динари и одговорното лице во стопанската организациј или во друго правно лице."

Член 16

Во членот 148 бројот: „3.000" се заменува со бројот: „10.000".

Член 17

Се додава нов член 148а, кој гласи:

„Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок југословенски граѓанин или странец ако увезе, внесе, прими или извезе, изнесе или испрати предмети спротивно на одредбата од членот 131б на овој закон или не се придржува кон прописот на Сојзниот извршен совет донесен врз основа на тој член."

Член 18

Во членот 164 по зборот: „законот" запирката се заменува со зборот: „и", а по зборот: „противвредноста" текстот до крајот се брише.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**143.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ФИНАНСИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за измена и дополнение на Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, што го усвои

Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 29 март 1971 година

ПР бр. 1012
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ФИНАНСИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) во членот 116 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„(3) Извршувањето на трајните обврски на федерацијата од точката 1 став 2 на овој член, освен обврските за дел од пензиите што учесниците во Народноослободителната војна — воени лица ги стекнуваат под поповолни услови, се пренесува врз републиките и за извршување на тие обврски на републиките им се отстапуваат соодветни средства од приходите на федерацијата утврдени со закон."

Во досегашниот став 3, кој станува став 4, зборовите: „Сојузниот односно" се бришат.

Член 2

Сојузниот извршен совет ќе ја следи реализацијата на оваа трајна обврска на федерацијата и според потребата ќе презема мерки за обезбедување оваа функција на федерацијата доследно да се извршува.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**144.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НАСТАНАТИ ДО КРАЈОТ НА 1970 ГОДИНА СПРЕМА ФОНДОВИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за регулирање на обврските на федерацијата настанати до крајот на 1970 година спрема фондовите на инвалидското и пензиското осигурување, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1011
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НАСТАНАТИ ДО КРАЈОТ НА 1970 ГОДИНА СПРЕМА ФОНДОВИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Ненамирените обврски на федерацијата во износ до 510,000 000 динари, настанати до крајот на 1970 година спрема фондовите на инвалидското и пензиското осигурување врз основа на членот 116 став 2 точка 1 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) и по основ на вонредното усогласување на најниските боречки пензии, ќе се намират во обврзници на федерацијата.

Член 2

Обврзниците на федерацијата гласат на доносителот.

Каматата на обврзниците се плаќа по стапка од 7% годишно, а се пресметува од 1 април 1971 година.

Обврзниците ќе се амортизираат во рок од три години во еднакви годишни отплати.

Отплатите стасуваат на 1 септември секоја година, почнувајќи од 1972 година.

Член 3

Средствата за амортизирање на обврзниците и за исплатување на каматата по обврзниците се обезбедуваат во сојузниот буџет.

Член 4

Обврските на федерацијата спрема фондовите на инвалидското и пензиското осигурување ќе се извршат во обврзниците од членот 1 на овој закон и од средствата на посебната резерва на федерацијата врз одделни фондови на инвалидското и пензиското осигурување, сразмерно на обврските на федерацијата спрема тие фондови.

Член 5

Сојузниот секретар за финансии ја пропишува формата и текстот на обврзниците од членот 1 на овој закон.

Распоредот на средствата за намирување на обврските од членот 4 на овој закон го врши Сојузниот секретаријат за финансии.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**145.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ИНВАЛИДСКО И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ТИЕ СТАПКИ ЗА 1971 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измена на Законот за продолжување на роковите за определување на стапките на придонесот за инвалидско и пензиско осигурување и за давање согласност на одлуките за тие стапки за 1971 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30

март 1971 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1006
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ИНВАЛИДСКО И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ТИЕ СТАПКИ ЗА 1971 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за продолжување на роковите за определување на стапките на придонесот за инвалидско и пензиско осигурување и за давање согласност на одлуките за тие стапки за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/70) во членот 1 став 1 зборовите: „28 февруари 1971 година" се заменуваат со зборовите: „31 мај 1971 година".

Член 2

Овој Закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**146.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополненија на Основниот закон за пензиското осигурување, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1022
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69 и 47/70), по делот шести (глави IX до XI) се додава нов дел седми, со осум нови члена, кои гласат:

„ДЕЛ СЕДМИ

Член 208а

(1) Според одредбите на чл. 208а до 208ж од овој закон се воспоставуваат:

1) заедници на пензиското и инвалидското осигурување како самоуправни организации на осигурениците во републиките и автономните покраини;

2) сојуз на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување како и заеднички сојуз на тие заедници и на заедниците на здравственото осигурување односно на нивните асоцијации за територијата на Југославија;

3) положбата и односите на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и на службите преку кои тие заедници обезбедуваат вршење на стручните, финансиските и административните работи во врска со спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување;

4) надлежности во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, како и обврски на организациите и другите обврзници за уплатување на придонесот во поглед на начинот на извршувањето на утврдените со прописите должности спрема заедниците на пензиското и инвалидското осигурување односно спрема службите што врз основа на одлуките на тие заедници вршат определени работи во врска со спроведувањето на осигурувањето.

(2) Ако организационите форми и односи, надлежностите и начинот на извршувањето на пропишаните должности, предвидени во ставот 1 на овој член, не се определени со закон, тие се воспоставуваат со актите на заедниците на осигурувањето односно на нивните асоцијации како самоуправни организации на осигурениците, односно со нивните заеднички акти донесени врз основа на самоуправни спогодби односно општествени договори.

(3) Денот од кога ќе се применуваат одредбите на самоуправните акти предвидени во ставот 2 на овој член, како и начинот на воведувањето во живот на нововоспоставените организациони форми и односи, го определуваат заедниците на осигурувањето односно нивните асоцијации согласно со законот.

Член 208б

(1) Со денот определен за почеток на спроведувањето на здравственото осигурување според одредбите на републичките односно покраинските закони за здравственото осигурување и за задолжителните видови здравствена заштита на населението, републичките односно покраинските заедници на социјалното осигурување формирани според Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување стануваат заедници на пензиското и инвалидското осигурување во републиките односно во автономните покраини.

(2) Собранијата на републичките и покраинските заедници на социјалното осигурување, во составот затечен на денот предвиден во ставот 1 на овој член, стануваат собранија на новите заедници на пензиското и инвалидското осигурување (став 1), со делокругот и надлежностите во областа на пензиското и инвалидското осигурување што според одредбите на Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување ги имаат републичките заедници на социјалното осигурување и републичките заводи за социјално осигурување.

Член 208в

(1) Заедниците на пензиското и инвалидското осигурување обезбедуваат преку соодветните стручни служби, воспоставени во седиштето на заедницата и на определени потесни подрачја, вршење на стручните, финансиските и административните работи во врска со спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување, што со Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување или врз основа на закон се ставени во делокруг и надлежност на републичките односно покраинските и комуналните заводи за социјално осигурување.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНИТЕ

Член 1

Во Законот за воените инвалиди од војните („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/65, 23/67, 54/67, 53/68, 56/69 и 60/70) во членот 11 се додава нов став 5, кој гласи:

„(5) Извршувањето на трајните обврски на федерацијата од точката 1 на ставот 1 и од ставот 2 на овој член се пренесува врз републиките и за извршувањето на тие обврски на републиките им се отстапуваат соодветни средства од приходите на федерацијата утврдени со закон."

Член 2

Сојузниот извршен совет ќе ја следи реализацијата на оваа трајна обврска на федерацијата и според потребата ќе презема мерки за обезбедување оваа функција на федерацијата доследно да се извршува.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1971 година.

---

**148.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БОРЕЧКИОТ ДОДАТОК

Се прогласува Законот за измена на Законот за борачкиот додаток, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1009
29 март 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната
скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БОРЕЧКИОТ ДОДАТОК

Член 1

Во Законот за борачкиот додаток („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/64, 35/65 и 29/69) во членот 10 ставот 1 се менува и гласи:

„Извршувањето на трајните обврски на федерацијата од членот 1 на овој закон се пренесува врз републиките и за извршување на тие обврски им се отстапуваат на републиките соодветни средства од приходите на федерацијата утврдени со закон."

Член 2

Сојузниот извршен совет ќе ја следи реализацијата на оваа трајна обврска на федерацијата и според потребата ќе презема мерки за обезбедување оваа функција на федерацијата доследно да се извршува.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1971 година.

---

**149.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИТЕ ПРИДОНЕСИ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за измени на Законот за сојузните придонеси од личниот доход на граѓаните, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1003
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИТЕ ПРИДОНЕСИ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за сојузните придонеси од личниот доход на граѓаните („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 35/65, 57/65, 28/66, 52/66, 54/67, 30/68, 51/68, 55/68, 56/69, 15/70, 53/70, 60/70 и 7/71) во членот 1 се брише точката 1.

Досегашната точка 2 станува точка 1.

Член 2

Чл. 2 до 5 се бришат.

Член 3

На која општествено-политичка заедница како нејзин приход ќе и припадне ненаплатениот сојузен придонес од личниот доход од земјоделска дејност од поранешните години и припадниот дел на тој придонес за периодот јануари-март 1971 година, што ќе се наплати од 1 април 1971 година, ќе регулираат републиките и автономните покраини.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 април 1971 година.

**150.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА 1971 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени на Законот за продолжување на роковите за утврдување на височината на придонесите и даноците на граѓаните за 1971 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1010
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с р.

Претседател
на Сојузната
скупштина.
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА 1971 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за продолжување на роковите за утврдување на височината на придонесите и даноците на граѓаните за 1971 година („Службен лист на СФРЈ". бр. 60/70) во членот 1 став 1 зборовите: „до 31 март 1971 година" се заменуваат со зборовите: „до 31 мај 1971 година".

Член 2

Во членот 2 зборовите: „за 60 дена" се заменуваат со зборовите: „за 120 дена".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**151.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ ГРАДСКО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за дополнение на Основниот закон за придонесот за користење градско земјиште, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр 1001
30 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ ГРАДСКО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Основниот закон за придонесот за користење градско земјиште („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/67 и 11/69) во членот 3 став 1 по зборовите: „за воени цели;" се додаваат зборовите: „за засолништа, за простории за обука и престој на единици на територијалната одбрана и единици на цивилната заштита и за простории за сместување и чување на воената опрема и други средства на вооружувањето што ќе ги определи општинското собрание, а што работните и други организации ќе ги изградат или набават заради извршување на работите и задачите во врска со подготовките за народна одбрана утврдени со Законот за народната одбрана, ако претежно не ги користат за деловни цели;".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**152.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОПШТИОТ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ

Се прогласува Законот за престанок на важењето на Општиот закон за финансиските средства за образование и воспитување, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Просветно-културниот собор од 29 март 1971 година.

ПР бр. 1002
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОПШТИОТ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ

Член 1

Општиот закон за финансиските средства за образование и воспитување („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/66 и 1/67) престанува да важи.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**153.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 март 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПОРЕДОТ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1971 ГОДИНА

1 Девизите за потребите на федерацијата во 1971 година, утврдени согласно со Законот за обезбедување девизи на општествено-политичките заедници, установите општествените организации и граѓанските правни лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/69), во вкупен износ од 2 190.684 200 динари, можат да се користат за нестоковни и стоковни плаќања на сојузните органи, установите, органите на општествените организации што својата дејност ја вршат на територијата на цела Југославија и на граѓанските правни лица како и за намирување на други потреби на федерацијата, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| 1) за нестоковни плаќања до износот од | 459.896 600 |
| 2) за стоковни плаќања до износот од | 1 503.482 700 |

Од вкупниот износ на девизите од ставот 1 на оваа точка се издвојува износот од 99.008 000 динари за намирување на непредвидените и недоволно предвидените расходи на федерацијата (средства за резерва).

За користењето на средствата на резервата од ставот 2 на оваа точка одлучува Сојузниот извршен совет.

2 Од вкупниот износ на девизите од точката 1 став 1 на оваа одлука се издвојуваат на име дополнителни средства, и тоа на:

| | Динари |
|---|---|
| — Социјалистичка Република Босна и Херцеговина — — — — — — | 9.686 400 |
| — Социјалистичка Република Македонија | 9 324 000 |
| — Социјалистичка Република Словенија | 21.980 700 |
| — Социјалистичка Република Србија | 38.559 000 |
| — Социјалистичка Република Хрватска | 45 506 200 |
| — Социјалистичка Република Црна Гора | 3.140 600 |

3 Со распоредот на девизите за 1971 година кој е отпечатен кон оваа одлука и сочинува нејзин составен дел, се утврдуваат, во границите на износот од точката 1 став 1 на оваа одлука, највисоките износи на девизите за одделни корисници.

4 Од вкупниот износ на девизите од точката 1 на оваа одлука може да се користи 69% во девизи што се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања а за 31% во други девизи.

Сојузниот извршен совет или органот што ќе го овласти тој, придржувајќи се кон односот од ставот 1 на оваа точка, на одделни корисници може да им одобрува користење на девизи и во однос поинаков отколку што е односот определен во ставот 1 на оваа точка.

5 Сојузниот извршен совет или органот што ќе го овласти тој износот на девизите од редниот број 67 од Распоредот на девизите за 1971 година ќе го распореди на одделни корисници.

6 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1971 година.

**Сојузна скупштина**

АС бр 390
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

## РАСПОРЕД
### на девизите за 1971 година

| Реден број | Корисник | Износ во динари по курс 1 САД долар = 15 динари | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | |
| 1 | Сојузна скупштина | | |
| | нестоковни плаќања | 963.000 | |
| | стоковни плаќања | 5.554 200 | 6.517.200 |
| 2 | Совет на федерацијата | | |
| | нестоковни плаќања | | 105 000 |
| 3 | Секретаријат на Претседателот на Републиката | | |
| | нестоковни плаќања | 2,281 500 | |
| | стоковни плаќања | 364 500 | 2,646 000 |
| 4 | Сојузен извршен совет | | |
| | нестоковни плаќања | 3.779 000 | |
| | стоковни плаќања | 16,167 000 | 19,946 000 |
| 5 | Служба за обезбедување во зградите на сојузните органи | | |
| | нестоковни плаќања | | 5 000 |
| 6 | Уставен суд на Југославија | | |
| | нестоковни плаќања | | 82 500 |
| 7 | Сојузно јавно обвинителство | | |
| | нестоковни плаќања | | 13 300 |
| 8 | Сојузно јавно правобранителство | | |
| | нестоковни плаќања | | 27 000 |
| 9 | Државен секретаријат за надворешни работи | | |
| | нестоковни плаќања | 244,276 600 | |
| | стоковни плаќања | 5,686.200 | 249,962.800 |

| 1 | 2 | | 3 |
|---|---|---|---|
| 10 | Државен секретаријат за народна одбрана | | |
| | нестоковни плаќања | 32,491 600 | |
| | стоковни плаќања | 1 321,600 000 | 1 354,091 600 |
| 11 | Сојузен секретаријат за внатрешни работи | | |
| | нестоковни плаќања | 3.901 000 | |
| | стоковни плаќања | 5 465 000 | 9,366.000 |
| 12 | Сојузен совет за безбедност на сообраќајот | | |
| | нестоковни плаќања | | 14.700 |
| 13 | Сојузен секретаријат за стопанство | | |
| | нестоковни плаќања: | | |
| | — за редовна дејност | 2,512 000 | |
| | — за туристичка пропаганда | 12.709 200 | |
| | стоковни плаќања | 343 000 | 15,564.200 |
| 14 | Југословенска национална комисија за ООН за исхрана и земјоделство (FAO) | | |
| | нестоковни плаќања | | 2,559 000 |
| 15 | Сојузен секретаријат за финансии | | |
| | нестоковни плаќања | | 2,070 600 |
| 16 | Сојузен секретаријат за надворешна трговија | | |
| | нестоковни плаќања | | 1,171.200 |
| 17 | Сојузен секретаријат за информации | | |
| | нестоковни плаќања | 1,833 600 | |
| | стоковни плаќања | 150.000 | 1,983 600 |
| 18 | Сојузна управа за царини | | |
| | нестоковни плаќања | | 767 400 |
| 19. | Сојузна геодетска управа | | |
| | нестоковни плаќања | | 22.800 |
| 20. | Сојузна управа за цивилна воздушна пловидба | | |
| | нестоковни плаќања | 480 000 | |
| | стоковни плаќања | 3,450 000 | 3,930.000 |
| 21. | Сојузна управа за радиоврски | | |
| | нестоковни плаќања | 32 500 | |
| | стоковни плаќања | 399 500 | 432.000 |
| 22 | Сојузен совет за образование и култура | | |
| | нестоковни плаќања | 1 005 000 | |
| | стоковни плаќања | 12 000 | 1,017.000 |
| 23 | Југословенска национална комисија за ООН за просвета, наука и култура (UNESCO) | | |
| | нестоковни плаќања | | 2,278 000 |
| 24. | Сојузна комисија за културни врски со странство | | |
| | нестоковни плаќања | | 1,716.000 |
| 25 | Сојузен совет за координација на научните дејности | | |
| | нестоковни плаќања | 6,159.800 | |
| | стоковни плаќања | 23.900 400 | 30,060.200 |
| 26 | Сојузен совет за здравство и социјална политика | | |
| | нестоковни плаќања | 327.000 | |
| | стоковни плаќања | 120.000 | 447.000 |
| 27 | Комисија за соработка со меѓународни здравствени организации | | |
| | нестоковни плаќања | | 4,145 800 |
| 28 | Национална комисија за UNICEF | | |
| | нестоковни плаќања | 52 500 | |
| | стоковни плаќања | 75 000 | 127 500 |
| 29 | Сојузен совет за труд | | |
| | нестоковни плаќања | | 68.600 |
| 30 | Југословенска национална комисија за меѓународна организација на трудот (МОТ) | | |
| | нестоковни плаќања | | 1,880 200 |
| 31 | Сојузен совет за правосудство | | |
| | нестоковни плаќања | | 38 400 |
| 32 | Сојузен завод за статистика | | |
| | нестоковни плаќања | 1,327.000 | |
| | стоковни плаќања | 4,718 000 | 6,045.000 |

| 1 | 2 | | 3 |
|---|---|---|---|
| 33 | Сојузен завод за општествено планирање<br>нестоковни плаќања | | 85 200 |
| 34 | Сојузен завод за цени<br>нестоковни плаќања | | 36.000 |
| 35 | Сојузен завод за меѓународна техничка соработка<br>нестоковни плаќања:<br>— научно-техничка соработка (план I)<br>— научно-техничка соработка (план II) | 4,977.000<br>7,500 000 | 12,477.000 |
| 36 | Сојузен геолошки завод<br>нестоковни плаќања | | 12.000 |
| 37 | Југословенски завод за стандардизација<br>нестоковни плаќања | | 277.500 |
| 38 | Сојузен хидрометеоролошки завод<br>нестоковни плаќања<br>стоковни плаќања | 308 000<br>3,744 500 | 4,052 500 |
| 39 | Сојузен завод за патенти<br>нестоковни плаќања | | 108.000 |
| 40 | Сојузна комисија за нуклеарна енергија<br>нестоковни плаќања | | 1,583 000 |
| 41 | Сојузна комисија за верски прашања<br>нестоковни плаќања | | 141 000 |
| 42 | Сојузна комисија за физичка култура<br>нестоковни плаќања | | 21 600 |
| 43 | Секретаријат за сојузен буџет и општи работи во Сојузниот извршен совет<br>нестоковни плаќања | | 1,536.000 |
| 44 | Секретаријат на Сојузниот извршен совет за следење на стопанските движења<br>нестоковни плаќања | | 36.000 |
| 45 | Сојузна дирекција за резерви на прехранбени производи<br>нестоковни плаќања<br>стоковни плаќања | 30 000<br>21.000 | 51 000 |
| 46 | Сојузна дирекција за резерви на индустриски производи<br>нестоковни плаќања<br>стоковни плаќања | 150 000<br>650.000 | 800.000 |
| 47 | Сервис за одржување на објектите за потребите на репрезентацијата на сојузните органи<br>нестоковни плаќања<br>стоковни плаќања | 19.000<br>4,520 000 | 4,539.000 |
| 48 | Управа на зградите на сојузните органи<br>нестоковни плаќања<br>стоковни плаќања | 48 000<br>1,484.500 | 1,532.500 |
| 49 | Сервис за административни и сметководствени работи<br>стоковни плаќања | | 510 000 |
| 50 | Фонд на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта<br>нестоковни плаќања | | 60 000 |
| 51 | Фонд за кредитирање и осигурување на извозни работи<br>нестоковни плаќања | | 120 000 |
| 52 | Сојузен завод за мерки и скапоцени метали<br>нестоковни плаќања<br>стоковни плаќања | 124 000<br>600.000 | 724 000 |
| 53 | Претседателство на Сојузот на комунистите на Југославија<br>нестоковни плаќања | | 3,678.700 |
| 54 | Сојузна конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија<br>нестоковни плаќања | | 1,455.000 |
| 65 | Сојуз на борците од Народноослободителната војна на Југославија<br>нестоковни плаќања | | 120.000 |
| 56 | Сојуз на синдикатите на Југославија<br>нестоковни плаќања | | 2,000.000 |

| 1 | 2 | 3 | |
|---|---|---|---|
| 57 | Југословенска лига за мир, независност и рамноправност на народите | | |
| | нестоковни плаќања | | 67 000 |
| 58 | Југословенски сојуз на организациите за физичка култура | | |
| | нестоковни плаќања | 1.200 000 | |
| | стоковни плаќања | 840.000 | 2,040.000 |
| 59 | Постојана конференција на градовите на Југославија | | |
| | нестоковни плаќања | | 96.000 |
| 60 | Совет на Народна техника на Југославија | | |
| | нестоковни плаќања | 102 000 | |
| | стоковни плаќања | 114.000 | 216.000 |
| 61 | Сојуз на извидниците на Југославија | | |
| | нестоковни плаќања | | 11.700 |
| 62 | Противпожарен сојуз на Југославија | | |
| | нестоковни плаќања | | 30 000 |
| 63 | Југословенски олимписки комитет | | |
| | нестоковни плаќања | | 825.000 |
| 64 | Партизан на Југославија Сојуз за телесно воспитување | | |
| | нестоковни плаќања | | 15.000 |
| 65 | Југословенски црвен крст | | |
| | нестоковни плаќања | | 235.000 |
| 66 | Планинарски сојуз на Југославија | | |
| | нестоковни плаќања | | 13.200 |
| 67 | Други општествени организации | | |
| | нестоковни плаќања | | 1,200.000 |
| 68 | Служба на општественото книговодство | | |
| | нестоковни плаќања | 16.673.400 | |
| | стоковни плаќања | 30,683.200 | 47,356.600 |
| 69 | Народна банка на Југославија | | |
| | нестоковни плаќања | 1,560.000 | |
| | стоковни плаќања | 1,920.000 | 3,480 000 |
| 70 | Сојузна стопанска комора | | |
| | нестоковни плаќања | | 45,000.000 |
| 71 | Новинска агенција „Танјуг“ | | |
| | нестоковни плаќања | 9,105 200 | |
| | стоковни плаќања | 807 500 | 9,912.700 |
| 72 | Филмски новости | | |
| | нестоковни плаќања | 30.000 | |
| | стоковни плаќања | 344.400 | 374.400 |
| 73 | Југословенска радио-телевизија | | |
| | нестоковни плаќања | 8,027 200 | |
| | стоковни плаќања | 66,972 800 | 75,000.000 |
| 74 | Југословенска лотарија | | |
| | нестоковни плаќања | | 10 800 |
| 75 | Југословенска концертна агенција | | |
| | нестоковни плаќања | | 1,153.000 |
| 76 | Југословенска кинотека | | |
| | нестоковни плаќања | 21 200 | |
| | стоковни плаќања | 511 600 | 532 800 |
| 77 | Југословенски лексикографски заводи | | |
| | стоковни плаќања | | 354.000 |
| 78 | Установа за одржување на внатрешните пловни патишта | | |
| | нестоковни плаќања | | 47.400 |
| 79 | Југословенски регистар на бродовите | | |
| | нестоковни плаќања | 18 800 | |
| | стоковни плаќања | 90 000 | 108 800 |
| 80 | Деловно здружение на југословенските новински претпријатија и новински установи | | |
| | нестоковни плаќања | | 10,500 000 |
| 81 | Национален одбор на СФРЈ на Меѓународната трговска комора | | |
| | нестоковни плаќања | | 64.300 |
| 82 | Сојузен завод за социјално осигурување | | |
| | нестоковни плаќања: | | |
| | — за редовна дејност | 670 000 | |
| | — за здравствена заштита | 7,330 000 | 8,000 000 |

| 1 | 2 | | 3 |
|---|---|---|---|
| 83 | Југословенски институт за урбанизам и станување | | |
| | нестоковни плаќања | | 15.200 |
| 84 | Југословенски центар за техничка и научна документација | | |
| | нестоковни плаќања | 72.000 | |
| | стоковни плаќања | 48 000 | 120.000 |
| 85 | Сојузен завод за јавна управа | | |
| | нестоковни плаќања | 90 000 | |
| | стоковни плаќања | 196 800 | 286.800 |
| 86 | Југословенски завод за продуктивност на трудот | | |
| | нестоковни плаќања | | 75.000 |
| 87 | Аутосервис на сојузните органи | | |
| | нестоковни плаќања | 10 800 | |
| | стоковни плаќања | 660.000 | 670 800 |
| 88 | Завод за заштита на авторски мали права | | |
| | нестоковни плаќања | | 6.000 |
| 89 | Југословенска авторска агенција | | |
| | нестоковни плаќања | | 25 000 |
| 90 | Институт за проучување на туризмот | | |
| | нестоковни плаќања | | 15.400 |
| 91 | Сојузен завод за здравствена заштита | | |
| | нестоковни плаќања | 58 200 | |
| | стоковни плаќања | 405 600 | 463 800 |
| | | Вкупно: | 1.963,379.300 |

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Нестоковни плаќања | 459,896.600 |
| Стоковни плаќања | 1.503,482.700 |
| | 1.963,379.300 |

**154.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, во врска со членот 9 став 4 од Законот за извршување на сојузниот буџет за 1970 година и точката 4 од Одлуката за привремено финансирање во првото тримесечје на 1971 година на потребите на федерацијата за кои средствата се обезбедуваат со сојузниот буџет, Сојузната скупштина, по претходно прибавеното мислење на Сојузниот извршен совет, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 март 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕТСМЕТКИТЕ НА ПРИХОДИТЕ И РАСПОРЕДОТ НА ПРИХОДИТЕ НА ПОСЕБНИТЕ СМЕТКИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА, СОЈУЗНИТЕ СОВЕТИ И СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА I ТРИМЕСЕЧЈЕ НА 1971 ГОДИНА

1. Се одобруваат претсметките на приходите и распоредот на приходите на посебните сметки на сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации за I тримесечје на 1971 година, и тоа:

1) претсметките на посебните сметки на Сојузниот секретаријат за стопанство:

а) за заштита на растенија — со вкупно планирани приходи од 4,439.522 динари, вкупно распоредени приходи од 4,439.522 динари;

б) за работи на ветеринарството — со вкупно планирани приходи од 3,023 333 динари, вкупно распоредени приходи од 3,023.333 динари;

в) за контрола на квалитетот на земјоделските производи наменети за извоз — со вкупно планирани приходи од 402.000 динари, вкупно распоредени приходи од 383.000 динари и нераспоредени приходи (резерва) од 19.000 динари;

2) претсметката на посебната сметка на Сојузната управа за царини — со вкупно планирани приходи од 9,320.000 динари, вкупно распоредени приходи од 9,320.000 динари;

3) претсметката на посебната сметка на Сојузната управа за радиоврски — Служба за контролно радио-мерење — со вкупно планирани приходи од 66 950 динари и вкупно распоредени приходи од 66 950 динари;

4) претсметката на посебната сметка на Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали — со вкупно планирани приходи од 2,690.287 динари и вкупно распоредени приходи од 2,690.287 динари,

5) претсметката на посебната сметка на Сојузната комисија за преглед на филмови — со вкупно планирани приходи од 96 950,00 динари и вкупно распоредени приходи од 96.950,00 динари;

6) претсметката на посебната сметка на Сојузниот совет за здравство и социјална политика — Сектор санитарен надзор на границата — со вкупно планирани приходи од 390 528,00 динари и вкупно распоредени приходи 390.528,00 динари;

7) претсметката на посебната сметка на Дирекцијата на Југословенската слободна зона во Солун — со вкупно планирани приходи од 278 089 динари и вкупно распоредени приходи од 278.089 динари.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1971 година.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 381
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Комагина,** с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

**155.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 март 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА РЕЗЕРВНИТЕ ФОНДОВИ НА ОПШТИНИТЕ ДРНИШ, КНИН, СИЊ И ГАЦКО ОД РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Од средствата на резервниот фонд на федерацијата се доделуваат 800 000 динари на резервните фондови на општините Дрниш, Книн, Сињ и Гацко на име надоместок поради укинување на сојузниот придонес од личниот доход од земјоделска дејност.

2. Се овластува Сојузниот извршен совет износот од точката 1 на оваа одлука, во спогодба со Извршниот совет на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина и со Извршниот совет на Социјалистичка Република Хрватска, да го распредели на резервните фондови на општините наведени во таа точка.

3 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр 404
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина,** с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак,** с. р.

**156.**

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставниот амандман IX точка 1 став 2, во врска со членот 32 став 2 од Основниот закон за општествените стоковни резерви, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 29 март 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1971 ГОДИНА

Се одобрува финансискиот план на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи за 1971 година, што го донесе Советот на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, на седницата од 13 јануари 1971 година.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 364
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

Претседател
на Стопанскиот собор,
д-р **Васил Гривчев,** с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

**157.**

Врз основа на членот 175 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставниот амандман IX точка 1 став 2, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 март 1971 година и на седницата на Просветно-културниот собор од 29 март 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЗАГРЕБ ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА СООСНОВАЧ СПРЕМА ИНСТИТУТОТ „РУЃЕР БОШКОВИЌ" ВО ЗАГРЕБ

1 На Универзитетот во Загреб му се признаваат правата и обврските на соосновач спрема Институтот „Руѓер Бошковиќ" во Загреб, основан со Решението на Сојузниот извршен совет за институтите „Борис Кидрич" во Винча, "Руѓер Бошковиќ" во Загреб и „Јожеф Штефан" во Љубљана како установи со самостојно финансирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/55).

2 Меѓусебните права на федерацијата и на Универзитетот во Загреб како соосновачи на Институтот „Руѓер Бошковиќ" во Загреб ќе се уредат со спогодба, што од името на федерацијата ќе ја склучи Сојузниот извршен совет.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 382
30 март 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

Претседател
на Просветно-културниот собор,
д-р **Августин Лах,** с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак,** с. р.

## 158.

Врз основа на членот 20 став 1 во врска со членот 13 став 1 и членот 16 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ И ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА ВЕШТАЧКИТЕ ЃУБРИЊА

1. Работните организации што произведуваат вештачки ѓубриња ја формираат продавната цена на азотните ѓубриња така што таа да може да изнесува најмногу 3 динари за 1 kg активна хранлива материја на азот (N).

2. Работните организации што произведуваат вештачки ѓубриња ја формираат продавната цена на фосфорните ѓубриња така што таа да може да изнесува најмногу 2,30 динари за 1 kg активна хранлива материја на фосфор ($P_2O_5$) растворлива во вода и во лимонска киселина.

3 Работните организации што произведуваат мешани и комплексни ѓубриња ги формираат цените на тие ѓубриња калкулативно, и тоа:

1) за 1 kg хранлива материја на азот во мешани и комплексни ѓубриња може да се засмета до 3 динари;

2) за 1 kg хранлива материја на калиум ($K_2O$) во мешани и комплексни ѓубриња може да се засмета до 1,04 динари;

3) кај мешани и комплексни ѓубриња може да се засмета за 1 kg активна материја на фосфор ($P_2O_5$) растворлива во вода 2,55 динари, а растворлива во лимонска киселина 2,30 динари;

4) за трошоците на преработката може да се засмета кај мешаните ѓубриња до 90 динари за 1 тон, а кај комплексните до 160 динари за 1 тон;

4. Цените формирани на начинот од точ. 1, 2 и 3 на оваа одлука се подразбираат франко натоварено во вагон или камион во фабриката, или франко натоварено во шлеп во речното пристаниште на фабриката, вклучувајќи ги и трошоците на пакувањето и амбалажата.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за максималната цена на определени вештачки ѓубриња („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/69) и Одлуката за начинот на формирањето на цените на мешаните и комплексните вештачки ѓубриња („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/69).

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 62
25 март 1971 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич,** с. р.

## 159.

Врз основа на точката 1 од Одлуката за определување на стоките за кои стоковните контингенти и девизните контингенти за 1971 година ги утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија („Службен лист на СФРЈ", бр 57/70), на предлог од Сојузниот секретаријат за стопанство, а по претходно прибавеното мислење од Сојузната стопанска комора, сојузниот секретар за надворешна трговија издава

# НАРЕДБА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ И ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ВО 1971 ГОДИНА

1. Во Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и девизните контингенти за увоз на стоки во 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/71) во точката 2 под 1 Репродукционен материјал, по редниот број 26 се додаваат два нови редни броја, кои гласат:

| „Реден број | Тарифен број од Царинската тарифа | Наименување | Количина односно вредност |
|---|---|---|---|
| 26а | 84 62/1 | Топчести тркални лежаи | |
| | 84 62/2 | Ролчести тркални лежаи | |
| | 84 62/3 | Игличести тркални лежаи | |
| | | Вкупно тркални лежаи | 4 600 тона |
| 26б | 86 09/1 | Колски слогови | 31.400 парчиња". |

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П бр. 10007
26 март 1971 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Мухамед Хаџиќ,** с. р.

**160.**

Врз основа на точката 4 од Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/71), сојузниот секретар за финансии пропишува

# УПАТСТВО

## ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО ПОСЕБНИОТ ОСНОВЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОДНОСНО ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување (во понатамошниот текст: заедниците) го водат своето книговодство според Основниот контен план за заедниците на социјалното односно здравственото осигурување, кој е составен дел на Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување

2. Целокупната дејност на заедниците мора да биде опфатена со пропишаните задолжителни конта кои ги претставуваат контата на главната книга.

3. Заедниците вршат самостојно расчленување на пропишаните задолжителни конта на аналитички конта.

### II. СОДРЖИНА НА КЛАСИТЕ, ГРУПИТЕ И ОДДЕЛНИТЕ КОНТА

**Класа 0: Средства на резервите, средства на фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите, средства за помагање на закрепнувањето на пензионерите и други издвоени средства**

4 На контата од групата 03 — Средства на резервите, се водат паричните средства на резервите на заедниците и на нивните фондови.

На контото 032 — Парични средства на резервниот фонд, се водат паричните средства на резервниот фонд на заедницата на здравственото осигурување формиран во смисла на членот 31 од Општиот закон за здравственото осигурување и задолжителните видови здравствена заштита на населението — „Службен лист на СФРЈ", бр. 20/69 (во понатамошниот текст: Општиот закон) и паричните средства на резервниот фонд односно паричните средства на резервата на фондовите на здравственото и на инвалидско-пензиското реосигурување

На контото 033 — Парични средства на сигурносната резерва, се водат паричните средства на сигурносната резерва на фондот на инвалидското и пензиското осигурување.

На контото 034 — Парични средства на валоризационата резерва, се водат паричните средства на валоризационата резерва на фондот на инвалидското и пензиското осигурување

5. На контата од групата 04 — Средства на фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите, се водат средствата за станбени потреби на пензионерите и инвалидите.

На контото 040 — Парични средства на фондот, се водат паричните средства на фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите.

На контото 041 — Инвестиции во тек, се води вредноста на земјиштето и на зградите чија изградба е започната а не е завршена. По завршетокот на работите вредноста на земјиштето и на зградите се пренесува врз соодветната организација за стопанисување со станбените згради и се евидентира на контата на вонбилансната евиденција на фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите.

На контото 049 — Други средства на фондот, се водат опремата, ситниот инвентар и другите материјали, инвестиционите материјали на фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите и др.

6 На контата од групата 06 — Наменски средства за помагање на закрепнувањето на пензионерите и други издвоени средства, се водат паричните средства за помагање на закрепнувањето на пензионерите и другите издвоени средства на заедниците, ако е тоа со закон предвидено.

На контото 060 — Парични средства за помагање на закрепнувањето на пензионерите, се водат паричните средства за помагање на закрепнувањето на пензионерите според членот 118 став 2 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување — „Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67 (во понатамошниот текст: Основниот закон).

На контото 065 — Издвоени парични средства за развој на здравствената служба, се водат издвоените парични средства за развој на здравствената служба (чл. 8, 30 и 36 од Општиот закон).

На контото 069 — Други издвоени парични средства на заедницата, се водат издвоените други парични средства на заедниците за определена намена, ако е тоа со закон предвидено.

**Класа 1: Финансиски и пресметковни средства**

7. На контата од групата 10 — Парични средства, се водат целокупните парични средства со кои располага заедницата на социјалното осигурување односно нејзините фондови а кои не се опфатени на некое од контата во класата „0".

На контото 100 — Жиро-сметка, се води готовинското и безготовинското (вирманското) работење на заедниците односно на фондот на заедниците по основ на уплата, наплата на придонеси, дознаки итн.

На контото 101 — Благајна, се води готовинскиот промет на заедниците односно на нивните фондови, кој се врши преку благајната.

На контото 102 — Парични средства за обезбедување на задолжителните видови на здравствена заштита, се водат паричните средства за обезбедување на задолжителните видови здравствена заштита, ако заедниците одлучат овие средства да ги водат на посебна сметка (член 32 од Општиот закон).

На контото 103 — Парични средства за обезбедување на правата за случај на несреќа при работата и на заболување од професионални болести, се водат паричните средства за обезбедување на правата за случај на несреќа при работата и на заболување од професионални болести, ако заедниците одлучат овие средства да ги водат на посебна сметка (член 32 од Општиот закон).

На контото 104 — Парични средства за обезбедување на правата што заедниците на здравственото осигурување самостојно ги утврдуваат, се водат паричните средства за обезбедување на правата што заедницата на здравственото осигурување самостојно ги утврдува, ако одлучи овие средства да ги води на посебна сметка (член 32 од Општиот закон).

На контото 108 — Други парични средства на заедницата, се водат другите парични средства на заедниците за кои не е предвидено посебно синтетичко конто во оваа група конта.

На контото 109 — Преодно конто, привремено се евидентираат деловните промени по готовинскиот и вирманскиот промет до конечната потврда на тие промени во дневниот извод на Службата на општественото книговодство.

8. На контата од групата 12 — Обврзници за пресметка и уплата на придонесот за социјално осигурување се водат обврзниците на придонесот за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување.

На контото 120 — Обврзници за уплата на придонесот од општествениот сектор, се водат уплатените придонеси за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување на обврзниците на придонесот од општествениот сектор.

На контото 121 — Обврзници на пресметаниот придонес од општествениот сектор, се водат пресметаните придонеси за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување од општествениот сектор.

На контото 122 — Обврзници за уплата на придонесот од општествениот сектор — по извршни платни налози, се водат уплатените придонеси за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување на обврзниците од општествениот сектор — по извршните платни налози.

На контото 123 — Обврзници на пресметаниот придонес од општествениот сектор — по извршни платни налози се водат пресметаните придонеси за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување на обврзниците од општествениот сектор — по извршните платни налози.

На контото 124 — Обврзници за уплата на придонесот од приватниот сектор, се водат уплатените придонеси за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување на обврзниците на придонесот од приватниот сектор (од приватните работодавци, од општините за земјоделците и сл.).

На контото 125 — Обврзници на пресметаниот придонес од приватниот сектор, се водат пресметаните придонеси за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување на обврзниците на придонесот од приватниот сектор.

На контото 128 — Други обврзници за уплата на придонесот, се водат уплатените придонеси од другите орбврзници на придонесот за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување (осигуреници што самите се обврзници за уплата на придонесот од членот 132 став 1 точка 4, чл. 135 и 136 став 4 од Основниот закон и чл. 9, 11, 12 и 26 од Општиот закон).

На контото 129 — Други обврзници на пресметаниот придонес, се водат пресметаните придонеси за здравствено односно инвалидско и пензиско осигурување на лицата што самите за себе се обврзници на уплатата на придонесот.

9. На контата од групата 13 — Разни побарувања, се водат разните побарувања опфатени со контата од оваа група

На контото 130 — Депозити кај овластените организации и органи, се водат депозитите кај организациите и органите од кои се вршат исплати и наплати по основ на здравственото односно инвалидското и пензиското осигурување.

На контото 131 — Побарувања од заеднички вложувања, се водат побарувањата на парични средства што заедниците ги дале едната на другата односно на работната организација, на општествено-политичката заедница или на државниот орган заради заедничко финансирање на мерки и акции за кои тие се заинтересирани (член 8 од Општиот закон и сл.).

На контото 132 — Побарувања од општински буџети, се водат побарувањата на паричните средства од општинските буџети (чл. 27 и 28 од Општиот закон), како и другите побарувања од општинските буџети во врска со нивното учество во финансирањето на здравственото осигурување.

На контото 133 — Побарувања од републичкиот и покраинскиот буџет, се водат побарувањата на паричните средства од републичкиот и покраинскиот буџет (чл. 27 и 28 од Општиот закон и член 116 од Основниот закон), како и другите побарувања од републичкиот и покраинскиот буџет во врска со нивното учество во финансирањето на здравственото односно инвалидското и пензиското осигурување.

На контото 134 — Побарувања од сојузниот буџет, се водат побарувањата од сојузниот буџет во врска со неговото учество во финансирањето на социјалното односно здравственото осигурување (чл. 27 и 28 од Општиот закон и член 116 од Основниот закон), како и другите побарувања од сојузниот буџет во врска со учеството на федерацијата во финансирањето на здравственото односно инвалидското и пензиското осигурување.

На контото 135 — Побарувања за надоместок на штета и за неправилни исплати, се водат побарувањата за утврдените штети и неправилните исплати.

На контото 136 — Пресметани побарувања за надоместок на штета и за неправилни исплати, се водат пресметаните побарувања за надоместок на штета и неправилни исплати Врз основа на добиената судска пресуда или врз основа на некој друг документ со кој е утврдена штетата односно неправилната исплата, се спроведува соодветно книжење во корист на ова конто а на товар на контото 135 — Побарувања за надоместок на штета и за неправилни исплати.

На контото 137 — Други побарувања, се водат сите други побарувања за кои не се пропишани посебни синтетички конта

На контото 138 — Сомнителни и спорни побарувања, се водат оние побарувања за кои ќе се оцени, дека во поглед на наплатата се неизвесни, за што треба да постои писмено образложена одлука на органот на управувањето, како и оние побарувања што се наоѓаат во спор односно за кои е поведена постапка кај надлежниот орган заради наплата.

На контото 139 — Исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања. се води исправката на вредноста на сомнителните и спорните побарувања на товар на соодветните конта на расходите

10 На контата од групата 14 — Побарувања од странски носители на социјалното осигурување, се водат побарувањата од странски носители на социјалното осигурување за трошоците на здравствената заштита на членовите на семејствата на осигурениците на странски носители на социјалното осигурување, како и другите побарувања за надоместок на трошоците на осигурувањето кои врз основа на конвенција односно спогодба се извршени за сметка на странски носител на социјалното осигурување.

На контото 149 — Пресметани побарувања по конвенциите, се водат пресметаните побарувања за трошоците на здравственото осигурување и за другите исплати за сметка на странски носители на социјалното осигурување.

11. На контата од групата 16 — Односи со заедниците и службите за спроведување на социјалното односно здравственото осигурување, се водат деловните односи со заедниците и со заводите за социјално осигурување односно со стручните служби на заедниците.

На контото 160 — Заедници на здравственото осигурување, се водат деловните односи со заедниците на здравственото осигурување

На контото 161 — Покраински заедници на социјалното осигурување, се водат деловните односи со покраинските заедници на социјалното односно здравственото осигурување и реосигурување.

На контото 162 — Републички заедници на социјалното осигурување, се водат деловните односи со републичките заедници на социјалното односно здравственото осигурување, односно со здружението на заедниците на здравственото осигурување и реосигурување.

На контото 164 — Југословенска заедница на социјалното осигурување, се водат деловните односи со Југословенската заедница на социјалното осигурување.

На контото 166 — Служба за спроведување на здравственото осигурување односно реосигурување, се водат деловните односи со Службата за спроведување на здравственото осигурување односно реосигурување.

На контото 167 — Покраински заводи за социјално осигурување, се водат деловните односи со покраинските заводи за социјално осигурување.

На контото 168 — Републички заводи за социјално осигурување, се водат деловните односи со републичките заводи за социјално осигурување.

На контото 169 — Сојузен завод за социјално осигурување, се водат деловните односи со Сојузниот завод за социјално осигурување.

12. На контата од групата 17 — Вложени средства, се водат вложените средства на заедниците односно на нивните фондови.

На контото 170 — Орочени средства, се водат средствата орочени кај банките и други организации.

На контото 171 — Други пласмани на средства, се водат другите пласмани на средствата за кои не е предвидено посебно синтетичко конто во оваа или во друга група конта (благајнички записи, обврзници и сл.)

На контото 174 — Кредити за развој на здравствената служба се водат кредитите одобрени на здравствени и други организации за развој на здравствената служба и за унапредување на здравствената и другата превентивна заштита на осигурениците.

На контото 175 — Кредити за станбени потреби на пензионерите и инвалидите, се водат кредитите одобрени на пензионерите и инвалидите на трудот за решавање на нивните станбени потреби.

На контото 179 — Други кредитни односи, се водат другите одобрени кредити (меѓусебно кредитирање на заедниците односно нивните фондови и сл) за кои не е предвидено посебно синтетичко конто во оваа или во друга група конта

13. На контата од групата 18 — Непокриена загуба, се води непокриената загуба.

На контото 185 — Непокриена загуба, се искажува загуба што не можела да биде покриена од расположивите парични средства на резервата односно на резервниот фонд. Ако оваа загуба не се покрие до крајот на наредната година се пренесува на контото 189.

На контото 189 — Непокриена загуба од поранешните години, се искажува непокриената загуба на заедниците односно на нивните фондови од поранешните години

14 На контото 190 — Активни временски разграничувања, се водат издатоците кои во моментот на настанувањето немаат карактер на трошоци, па поради тоа се предмет на разграничување со пресметковните периоди на кои се однесуваат.

**Класа 2: Тековни обврски**

15. На контата од групата 22 — Добавувачи, се книжат промените настанати од деловните односи по основ на набавка на средства и материјали и извршени услуги.

На контото 220 — Здравствени работни организации, се книжат сите деловни промени во врска со здравствените работни организации што вршат медицински услуги, испорачуваат лекови и сл. за сметка на заедницата на здравственото осигурување.

На контото 224 — Добавувачи во странство, се книжат сите деловни промени во врска со вршењето на услуги и со набавка на материјали од добавувачи во странство.

На контото 225 — Добавувачи на фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите, се книжат сите промени во врска со добавувачите што испорачуваат средства, материјали и инвентар односно што вршат услуги за фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 229 — Други добавувачи, се книжат сите деловни промени во врска со вршењето на услуги и со набавка на материјали за кои не е предвидено посебно синтетичко конто во оваа или во друга група конта

16 На контата од групата 23 — Законски обврски, се искажуваат законските обврски. На товар на контата од оваа група се евидентираат исплатите по основ на законските обврски

На контото 230 — Средства издвоени за станбена изградба на примањата на пензионерите и инвалидите, се водат пресметаните парични средства за станбена изградба на примањата на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 232 — Придонес на друга заедница односно здружение на заедници на социјалното осигурување, се водат пресметаните износи на придонесот што заедниците им ги плаќаат на другите заедници односно на здружението за вршење работи од заеднички интерес за сите заедници во автономната покраина, во републиката односно во федерацијата.

На контото 234 — Придонес за здравствена заштита на пензионерите и инвалидите на трудот, се водат пресметаните придонеси за здравствена заштита на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 235 — Придонес за додаток на деца, се водат пресметаниот придонес за додаток на деца на примањата на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 236 — Придонес за непосредна детска заштита, се води пресметаниот придонес за непосредна детска заштита на примањата на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 239 — Други законски обврски, се водат другите законски обврски за кои не е предвидено посебно синтетичко конто во оваа група конта а на начинот што е предвиден за контата од оваа група.

17. На контата од групата 24 — Договорни обврски, се искажуваат договорните обврски. На товар на контата од оваа група се евидентираат исплатите по основ на договорните обврски.

На контото 240 — Камата на кредити, се водат обврските по основ на каматите на кредитите. На товар на ова конто се евидентираат исплатите по основ на каматите на кредитите.

На контото 241 — Обврски од заеднички вложувања, се водат обврските по основ на заедничките вложувања (член 6 од Општиот закон и др.).

На контото 248 — Обврски по основ на реосигурување, се водат обврските по основ на пресметаните премии односно обврски по основ на пресметаните надоместоци од реосигурување.

На контото 249 — Други договорни обврски, се водат износите на другите обврски за кои не е предвидено посебно синтетичко конто во оваа група конта.

18 На контото 270 — Други разни обврски, се искажуваат обврските за кои не е предвидено посебно синтетичко конто во оваа класа. На товар на ова конто се евидентираат исплатите по основ на тие обврски.

19. На контото 290 — Пасивни временски разграничувања, се водат однапред пресметаните износи на трошоците што настануваат нерамномерно. На крајот на годината пресметаните износи на ова конто меѓусебно се затвораат со состојбата искажана на контото 190 — Активни временски разграничувања, а разликата паѓа на товар односно оди во корист на резултатот на тековната година ако не се пренесува во наредниот период.

**Класа 5: Приходи на заедниците на социјалното осигурување односно на заедниците на здравственото осигурување и на нивните фондови**

20 На контата од групата 50 — Основни и дополнителни придонеси за социјално осигурување, се искажуваат наплатените придонеси за здравственото односно основните и додатните придонеси за инвалидското и пензиското осигурување.

На контото 500 — Придонес за задолжителните видови здравствена заштита, се искажува приходот од наплатениот придонес за осигурување по основ на задолжителните видови здравствена заштита.

На контото 502 — Придонес за осигурување за случај на несреќа при работата и на заболување од професионални болести, се искажува приходот од наплатениот придонес за осигурување за случај на несреќа при работата и на заболување од професионални болести (член 26 од Општиот закон).

На контото 504 — Придонес за обезбедување на правата од здравственото осигурување, се искажува приходот од наплатениот придонес за правата од

На контото 651 — Надоместок на личниот доход за време на привремена спреченост за работа поради болест и изолација, нега итн., се искажуваат трошоците за исплатените надоместоци на личниот доход за време на привремена спреченост за работа поради болест и изолација, нега итн.

На контото 653 — Надоместок на личниот доход за време на отсуство поради бременост и породување и работа со скратено работно време на мајки доилки, се искажуваат исплатените надоместоци на личниот доход за време на отсуство поради бременост и породување и работа со скратено работно време на мајки доилки

На контото 655 — Помош за опрема на новородено дете, се искажуваат трошоците на помошта за опрема на новородено дете.

На контото 657 — Надоместок на закопните трошоци и посмртна помош, се искажуваат трошоците за надоместоци на закопните трошоци и посмртна помош

На контото 659 — Други надоместоци и помошти, се искажуваат другите исплатени надоместоци и помошти што не се опфатени ниту со едно конто од оваа група.

31. На контата од групата 66 — Трошоци во врска со рехабилитација и запослување на инвалиди на трудот, се искажуваат трошоците настанати во врска со спроведувањето на рехабилитација и запослување на инвалиди на трудот.

На контото 660 — Материјално обезбедување, се искажуваат исплатите на трошоците за материјално обезбедување на инвалидите на трудот (чл. 105 до 107 од Основниот закон за инвалидското осигурување — „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65, 14/66, 1/67, 23/67 и 56/69).

На контото 661 — Привремен надоместок до стапување на соодветна работа, се искажуваат надоместоците исплатени на инвалидите на трудот што тие ги примаат до стапувањето на соодветната работа (член 120 став 1 точка 1 од Основниот закон за инвалидското осигурување)

На контото 662 — Надоместок поради запослување со скратено работно време, се искажуваат надоместоците исплатени на инвалидите на трудот што тие ги примаат поради запослување со скратено работно време (член 120 став 1 точка 2 од Основниот закон за инвалидското осигурување)

На контото 663 — Надоместок поради помал личен доход на друга работа, се искажуваат надоместоците исплатени на инвалидите на трудот што тие ги примаат поради помал личен доход на друга работа (член 120 став 1 точка 3 од Основниот закон за инвалидското осигурување).

На контото 664 — Трошоци на професионална рехабилитација во посебни установи, се искажуваат трошоците што настануваат со вршење професионална рехабилитација во посебни установи во кои се врши рехабилитација (член 101 од Основниот закон за инвалидското осигурување).

На контото 665 — Трошоци на професионална рехабилитација на деца, се искажуваат трошоците што настануваат со вршење професионална рехабилитација на деца инвалиди (член 93 од Основниот закон за инвалидското осигурување).

На контото 666 — Надоместок на патни и превозни трошоци, се искажуваат надоместоците на патни и превозни трошоци на инвалидите на трудот во врска со нивното користење на правата на рехабилитација и запослување (чл. 128 до 131 од Основниот закон за инвалидското осигурување).

На контото 669 — Инвестиции за рехабилитација и запослување на инвалиди на трудот, се искажуваат средствата потрошени за инвестиции во врска со рехабилитација и запослување на инвалиди на трудот (член 104 од Основниот закон за инвалидското осигурување).

32. На контата од групата 67 — Пензии, инвалиднини и додатоци на пензионерите и инвалидите на трудот, се искажуваат исплатените пензии, инвалиднини и додатоци на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 670 — Инвалидски пензии (со додатокот на инвалидност), се искажуваат исплатените износи на инвалидските пензии со додатокот на инвалидност.

На контото 671 — Привремени инвалидски пензии, се искажуваат износите на исплатените привремени инвалидски пензии (член 75 од Основниот закон за инвалидското осигурување).

На контото 672 — Старосни пензии, се искажуваат исплатите на пензионерите по основ на остварените права на старосна пензија.

На контото 673 — Семејни пензии, се искажуваат исплатените износи на семејните пензии

На контото 674 — Инвалиднини, се искажуваат исплатените инвалиднини.

На контото 675 — Додаток за помош и нега на инвалиди на трудот, се искажуваат исплатените надоместоци за помош и нега на инвалидите на трудот

На контото 676 — Додаток за помош и нега на слепи работници се искажува исплатениот додаток за помош и нега на слепи работници.

На контото 677 — Заштитен додаток на инвалидски пензионери се искажува заштитниот додаток исплатен на инвалидските пензионери.

На контото 678 — Заштитен додаток на старосни пензионери, се искажува заштитниот додаток исплатен на старосните пензионери

На контото 679 — Заштитен додаток на семејни пензионери, се искажува заштитниот додаток исплатен на семејните пензионери

33 На контата од групата 68 — Придонеси на исплатените пензии, додатоци и надоместоци на инвалидите на трудот, премии и надоместоци на реосигурувањето, трошоци на студиски и научноистражувачки работи и надоместоци во врска со спроведувањето на социјалното односно здравственото осигурување, се искажуваат расходите на име на придонесите на исплатените пензии, додатоци и надоместоци на инвалидите на трудот, премии за реосигурување и надоместоци за реосигурување на заедниците односно на нивните фондови, трошоци за студиски и научноистражувачки работи во областа на социјалното односно здравственото осигурување и надоместоци за работата на стручната служба на заедниците на здравственото осигурување и реосигурување и на заводите за социјално осигурување во врска со вршењето на работите за сметка на заедниците.

На контото 680 — Средства издвоени за станбена изградба, се искажуваат паричните средства за станбена изградба што се пресметуваат и се плаќаат на исплатените пензии и други примања на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 681 — Придонес за здравствена заштита на пензионерите и инвалидите на трудот, се искажува расходот на име на придонесот за здравствена заштита на пензионерите и инвалидите на трудот кој се пресметува и се плаќа на исплатените пензии и други примања на пензионерите и инвалидите на турдот.

На контото 682 — Придонес за додаток на деца, се искажува расходот на име на придонесот за додатокот на деца кој се пресметува и се плаќа на исплатените пензии и други примања на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 683 — Придонес за непосредна детска заштита, се искажува расходот на име на придонесот за непосредна детска заштита кој се плаќа на исплатените пензии и други примања на пензионерите и инвалидите на трудот.

На контото 684 — Придонес на друга заедница односно здружение на заедници на социјалното односно здравственото осигурување, се водат расходите на име на придонесот на други заедници односно нивни здруженија за финансирање на дејноста што е од заеднички интерес за заедниците (придонес на Југословенската заедница на социјалното осигурување, на републичката односно покраинската заедница на здравственото осигурување и реосигурува-

На контото 940 — Фонд за станбени потреби на пензионерите и инвалидите, се водат промените со кои се зголемува односно се намалува состојбата на тој фонд

На контото 941 — Долгорочни кредити, се води состојбата и движењето на долгорочните кредити за станбени потреби на пензионерите и инвалидите на трудот

На контото 942 — Краткорочни кредити, се водат состојбата и движењето на краткорочните кредити за станбени потреби на пензионерите и инвалидите на трудот

На контото 949 — Други извори на средствата на фондовите, се водат другите извори на средствата на фондот за кои не е предвидено посебно конто во оваа група конта.

40. На контата од групата 96 — Други извори на средствата на заедниците односно фондовите, се водат другите извори на средствата на заедниците односно на нивните фондови за кои не е предвидена посебна група во оваа класа.

На контото 960 — Извори на средствата наменети за помагање на закрепнувањето на пензионерите, се водат средствата наменети за помагање на закрепнувањето на пензионерите (член 118 став 2 од Основниот закон) издвоени според Одлуката на Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување

На контото 965 — Извори на средствата за развој на здравствената служба, се водат наменски издвоените средства за развој на здравствената служба и за унапредување на превентивната и другата заштита на осигурениците (чл. 8, 30 и 36 од Општиот закон).

На контото 969 — Други извори на средствата на заедниците односно фондовите, се водат другите извори на средствата на заедниците односно на нивните фондови за определени намени, ако е тоа предвидено со прописи.

41. На контото 990 — Активни конта на вонбилансната евиденција, и на контото 995 — Пасивни конта на вонбилансната евиденција, се книжат промените што немаат непосредна врска односно непосредно дејство врз височината и составот на средствата и нивните извори (гаранции, станбени згради изградени од средствата на фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите а предадени на организациите за стопанисување со станбените згради и др.).

Износите на вонбилансната евиденција се искажуваат во билансот на состојбата по збирот на билансот (под цртата)

42. При отворањето на деловните книги за 1971 година, состојбите искажани во завршната сметка за 1970 година заедниците ќе ги пренесат на контата пропишани со Основниот контен план за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување, и тоа според наведениот преглед:

| Конта на новиот Основен контен план за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување | Конта на стариот Основен контен план за заедниците на социјалното осигурување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 032 = | 102 |
| 033 = | 103 |
| 034 = | 104 |
| 040 = | 100 (само кај фондот за станбени потреби на пензионерите) |
| 041 = | 043 |
| 049 = | 049 |
| 060 = | 106 |
| 065 = | — |
| 069 = | 108 (ако не е пренесено на контото 032) и 109 (ако според намената и припаѓаат на класата „0") |
| 100 = | 100 |
| 101 = | 101 |
| 102 = | — |
| 103 = | — |
| 104 = | — |
| 108 = | 109 (ако според својата намена ѝ припаѓаат на оваа група) |
| 109 = | — |
| 120 = | 120 (без делот кој се однесува на 122) |
| 121 = | 121 (без делот кој се однесува на 123 |
| 122 = | дел 120 (ако такви побарувања се книжени на 120) |
| 123 = | дел 121 (ако такви побарувања се книжени на 121) |
| 124 = | 124 |
| 125 = | 125 |
| 128 = | 128 |
| 129 = | 129 |
| 130 = | 130 |
| 131 = | дел 137 (ако такви побарувања се книжени на 137) |
| 132 = | дел 137 (ако такви побарувања се книжени на 137) |
| 133 = | дел 137 (ако такви побарувања се книжени на 137) |
| 134 = | дел 137 (ако такви побарувања се книжени на 137) |
| 135 = | 134 |
| 136 = | 135 |
| 137 = | дел 132, 133, 137 (ако еден дел е пренесен на контата 131 до 134 и 140 до 149, а ако не е пренесен на тие конта — сè пренесува целиот износ на контото 137) |
| 138 = | 138 |
| 139 = | 139 |
| 140 = | дел 137 (ако такви книжења се вршени на 137) |
| 141 = | дел 137 (ако такви книжења се вршени на 137) |
| 142 = | „ „ |
| 143 = | „ „ |
| 144 = | „ „ |
| 145 = | „ „ |
| 148 = | „ „ |
| 149 = | дел 137 (ако такви книжења се вршени на 137) |
| 160 = | 160 |
| 161 = | 162 и 258 (само кај покраинските заедници на социјалното осигурување) |
| 162 = | 162 и 258 (само кај републичките заедници на социјалното осигурување) |
| 164 = | 164 |
| 166 = | 166 |
| 167 = | 167 (само кај покраинските заедници на социјалното осигурување) |
| 168 = | 167 |
| 169 = | 169 |
| 170 = | 170 |
| 171 = | 171 |
| 174 = | 174 |
| 175 = | 175 |
| 179 = | 179 |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 185 = 806 | (само за делот на расходите кој се однесува на 1970 година а кој на 31 декември 1970 година останал непокриен) |
| 189 = 806 | (само дел од вишокот кој се однесува на непокриените вишоци на расходите од поранешните години) |
| 190 = 190 | |
| 220 = 220 | |
| 224 = 224 | |
| 225 = 943 | |
| 229 = 226 | |
| 230 = 230 | |
| 232 = 232 | |
| 234 = 234 | |
| 235 = дел | од контото 235 (кој се однесува на додаток на деца) |
| 236 = дел | од контото 235 (кој се однесува на непосредна детска заштита) |
| 239 = 239 | |
| 240 = 240 | |
| 241 = | (ако салдото на обврските по основ на заеднички вложувања е книжено на некое конто, тогаш тие обврски ќе се пренесат на контото 241) |
| 248 = | (дел на соодветното конто од групата 16 односно на некое друго конто ако односните обврски се така книжени) |
| 249 = 248 | |
| 270 = 270, | 890, 891 (ако е одлучено вонредниот придонес да им се врати на уплатувачите) |
| 290 = 290 | |
| 578 = 804 | (ако е одлучено дел од вишокот на приходите според завршната сметка да се пренесе во приходот на наредната година) |
| 890 = — | |
| 900 = 900 | |
| 904 = 904 | |
| 907 = 907 | |
| 932 = 932, | 252, 259 (ако според законот не е пренесено на 969), 890, 891 (ако не им се враќа на уплатувачите) |
| 933 = 933 | и 253 |
| 934 = 934 | и 254 |
| 937 = 937 | и 939 |
| 940 = 940 | |
| 941 = 941 | |
| 942 = 942 | |
| 949 = 949 | |
| 960 = 960 | и 255 |
| 965 = — | |
| 969 = 969 | (ако не е пренесено на контото 932) |
| 990 = 990 | |
| 995 = 995 | |

43. Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за содржината на одделните конта во Основниот контен план за заедниците на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/69).

По исклучок од одредбата на ставот 1 од оваа точка, комуналните заедници на социјалното осигурување во републиките односно автономните покраини што не донеле свои закони во смисла на Општиот закон за здравственото осигурување и задолжителните видови здравствена заштита на населението, или со свои закони ја одложиле примената на новиот систем на здравственото осигурување, ќе го применуваат упатството од ставот 1 на оваа точка до почетокот на применувањето на новите прописи за здравственото осигурување и за задолжителните видови на здравствена заштита на населението.

44. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр 3356/1
10 март 1971 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле,** с. р.

---

**161.**

Врз основа на членот 24 од Законот за книговодството на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр 48/68 и 56/69), сојузниот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО

## ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ ПОЗИЦИИ ВО ПОСЕБНИТЕ ОБРАСЦИ НА БИЛАНСОТ ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОДНОСНО ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

### I. Општи одредби

1. Заводите за социјално осигурување односно службите за спроведување на здравственото осигурување и реосигурување (во понатамошниот текст: заводите) ги пополнуваат на начинот предвиден со ова упатство образецот заклучен лист и образецот посебни податоци, кои, во смисла на точката 2 од Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/71 — во понатамошниот текст: одлуката), се објавени кон таа одлука и се нејзин составен дел.

2. При пополнувањето на обрасците од точката 1 на ова упатство, во поглед содржината на одделните конта што се наведени во колоната 2 на заклучниот лист и редните броеви на образецот посебни податоци, заводите постапуваат според Упатството за содржината на одделните конта во посебниот основен контен план за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/71) и според одредбите на ова упатство.

3 Паричните вредности во образците од точката 1 на ова упатство се искажуваат во полни износи (динари со пари).

4. Заводите за заедниците на социјалното осигурување односно за заедниците на здравственото осигурување (во понатамошниот текст: заедниците) пополнуваат и ѝ доставуваат на Службата на општественото книговодство (во понатамошниот текст: Службата), во смисла на точката 3 од одлуката односно членот 15 од Законот за книговодството на работните организации, податоци од завршните сметки на обрасците од точката 1 на ова упатство и тоа посебно за секоја заедница односно фонд, освен за резервниот фонд.

5 Заводите во смисла на членот 15 од Законот за книговодството на работните организации и точката 3 од одлуката, ѝ доставуваат на Службата податоци на обрасците во два примерока.

Заводите ѝ ги доставуваат податоците од ставот 1 на оваа точка на онаа организациона единица на Службата што се наоѓа во местото во кое е седиштето на единицата.

### II. Содржина на одделните позиции во образецот заклучен лист

6 Образецот заклучен лист, се пополнува со состојбата на 13 декември на следниот начин:

1) во образецот се внесуваат хронолошки сите конта од посебниот Основен контен план за заедниците на социјалното односно здравственото осигурување на кои заводот во текот на годината вршел книжења во деловните книги;

2) во колоната 8 се внесува збирот на износите на колоните 4 и 6 а во колоната 9 — збирот на износите на колоните 5 и 7;

3) во колоните 10 и 11 се внесуваат салдата од сите конта.

**III. Содржина на одделните позиции во образецот посебни податоци**

7. Образецот посебни податоци, се пополнува со состојбата на 31 декември на следниот начин:

1) во образецот за 1971 година не се внесуваат податоци во колоната 3. За 1972 и подоцнежните години, во колоната 3 се внесуваат податоци од претходната година што се искажани во колоната 4;

2) во колоната 4 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 до ред. бр. 9 — делот на долговниот промет на контата 600, 602, 603, 605, 607 и 609;

— под ред бр. 10 до ред. бр. 15 — делот на долговниот промет на соодветните конта од групата 60 и 62 што се однесува на тие трошоци;

— под ред бр. 16 и 17 — делот на долговниот промет на соодветните конта на групата 60, 61 и 62 што се однесува на тие трошоци;

— под ред. бр. 18 — делот на долговниот промет на соодветните конта на групата 67;

— под ред. бр. 19 и 20 — делот на побарувачкиот промет на соодветните конта на групата 50, на контата 510 и 519;

— под ред бр. 21 — побарувачкиот промет на контото 804;

— под ред бр 22 — делот на долговниот промет на контото 804;

— под ред. бр. 23 — делот на долговниот промет на контото 804;

— под ред бр 24 — делот на долговниот промет на контото 804;

— под ред. бр 25 — делот на долговниот промет на контото 804;

— под ред. бр. 26 — долговниот промет на контото 809;

— под ред. бр 27 — побарувачкиот промет односно делот на побарувачкиот промет на контото 809;

— под ред. бр. 28 — долговното салдо на контото 185;

— под ред. бр. 29 — долговното салдо на контото 189;

— под ред бр 30 — побарувачкото салдо на контата 932 и 937;

— под ред. бр. 31 — долговното салдо на контата 170, 171, 174 односно делот на контото 174 и салдото на контото 179;

— под ред бр 32 — побарувачкото салдо на контото 933 и делот на побарувачкото салдо на контото 937;

— под ред. бр. 33 — делот на долговното салдо на соодветните конта на групата 17;

— под ред. бр 34 — побарувачкото салдо на контото 934 и делот на побарувачкото салдо на контото 937;

— под ред бр. 35 — делот на долговното салдо на соодветните конта на групата 17;

— под ред. бр. 36 — побарувачкото салдо на контото 937;

— под ред бр 37 — долговното салдо односно делот на долговното салдо на контото 170 (ако се орочени наменски за развој на здравствената служба, на превентивната и друга заштита на осигурениците) и долговното салдо на контото 174.

**IV Завршни одредби**

8 Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за содржината на одделните позиции во билансите на заедниците на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/69).

По исклучок од одредбата на ставот 1 од оваа точка, комуналните заедници на социјалното осигурување во републиките односно во покраините кои не донесле свои закони во смисла на Општиот закон за здравственото осигурување и задолжителните видови [illegible] на населението („Службен лист на СФРЈ" бр 20/69) или со своите закони ја одложиле примената на новиот систем на здравственото осигурување ќе се применува упатството од ставот 1 на оваа точка до почетокот на применувањето на новите прописи за здравственото осигурување и за задолжителните видови здравствена заштита на населението

9. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр 3356
10 март 1971 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле,** с. р.

---

## 162.

Врз основа на членот 205 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65), директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА АЕРОДРОМИТЕ ВО РЕГИСТАРОТ

Член 1

Цивилните аеродроми што се користат за полетување, слетување и престојување на воздухоплови, вклучувајќи ги и аеродромите за хеликоптери (хелиодроми) и аеродромите за хидроавиони (хидродроми) се запишуваат во регистарот.

Со запишување во регистарот аеродромот може да се користи за полетување, слетување и престојување на воздухоплови, како и за намената за која е регистриран аеродромот.

Член 2

Аеродромите се запишуваат во следните регистри:

1) регистар на аеродромите за јавен воздушен сообраќај (воздухопловни пристаништа) — образец бр. 1;

2) регистар на аеродромите за обучување на летачкиот персонал и за спортски потреби (спортски аеродроми) — образец бр. 2;

3) регистар на аеродромите што служат за потребите на одделни државни органи и работни или други организации (аеродроми за сопствени потреби) — образец бр 3;

4) регистар на леталиштата што се користат привремено за полетување и слетување на воздухоплови заради вршење на некоја стопанска дејност (замаглување, запрашување и др.), на научноистражувачката работа и за потребите на службата за брза помош (пренос на заболени и повредени лица) — образец бр. 4.

Член 3

Регистрите за запишување на аеродромите и регистарот на леталиштата од членот 2 на овој правилник (во понатамошниот текст: регистрите) ги води, согласно членот 143 став 3 од Законот за воздушната пловидба, Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба (во понатамошниот текст: надлежниот орган).

Член 4

Регистарот е јавен.

Надлежниот орган е должен да му дозволи увид во регистарот на секој што за тоа има оправдан интерес.

Член 5

Регистарот се води во форма на тврдо укоричена книга чии страни се нумерирани, а на обрасците бр. 1 до 4 кои се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Пред почетокот на запишувањето во регистарот надлежниот орган ја заверува книгата на регистарот со свој печат и со потпис на овластеното службено лице.

Член 6

Барање за запишување во регистарот поднесува работната или друга организација или друго правно лице што искористува аеродром односно леталиште. Барањето му се поднесува на надлежниот орган писмено во еден примерок.

Кон барањето за запишување на аеродромот во регистарот се прилага документацијата од членот 144 на Законот за воздушната пловидба, а за запишување на леталиште — одобрението за користење на леталиштето од членот 139 став 2 на Законот за воздушната пловидба

Покрај документацијата од ставот 2 на овој член, кон барањето за запишување на аеродромот во регистарот се поднесуваат и:

1) техничка документација на главните објекти со сите придружни објекти, ако не му е предадена на органот кој дава согласност на проектот;

2) потврда за годината на завршената изградба;

3) решение за извршениот технички прием и колаудацијата на аеродромот и на неговите објекти;

4) геодетски податоци заверени од страна на овластениот орган надлежен за геодетски работи за правецот на испружувањето на полетно-слетните патеки, координатите на референтната точка на аеродромот и координатите на оската на праговите на полетно-слетната патека.

За воздухопловни пристаништа кон барањето за запишување во регистарот се поднесуваат и податоци за тоа дали воздухопловното пристаниште ги исполнува и посебните технички и други услови за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж и стоки.

Техничката документација мора да ги содржи и сите технички податоци од Зборникот на воздухопловните податоци (AIP во делот AGA и MAP) како и податоци за местото каде се наоѓа аеродромот, за намената на аеродромот, за неговите технички својства, вклучувајќи ги и објектите и постројките што на него се наоѓаат (маневарски површини, пристаништен комплекс, технички комплекс, аеродромска опрема и аеродромски инсталации), за класата во која аеродромот е распореден и за носителот на правото за користење на аеродромот.

Покрај одобрението за користење на леталиштето (став 2), кон барањето за запишување на леталиштето во регистарот се поднесува скица на теренот од кој ќе полетуваат и на кој ќе слетуваат воздухопловите, со точна должина на полетно-слетната патека и со податоци за пречките во зоната на леталиштето.

Техничката и друга документација врз основа на која е извршено запишување во регистарот е составен дел на регистарот и се чува во посебна фолија за секој аеродром и за секое леталиште.

Член 7

Запишувањето во регистарот се врши врз основа на решението за запишување во регистарот, што го донесува надлежниот орган.

Пред донесувањето на решението надлежниот орган утврдува:

1) дали аеродромот односно леталиштето ги исполнува техничките и други услови од членот 6 на овој правилник;

2) дали аеродромот односно леталиштето го искористува определена работна или друга организација што за тоа е регистрирана или друго правно лице што има одобрение за основање и работа како носител на право за користење на аеродром односно леталиште.

Член 8

Решението за запишување на аеродромот во регистарот мора да ги содржи основните податоци за работната или друга организација или за друго правно лице што го искористува аеродромот (назив, седиште, дејност и друго) и сите основни податоци за аеродромот во врска со неговото користење за намената за која е регистриран, како и податоците од документацијата од членот 6 ст. 2 до 5 на овој правилник.

Решението за запишување на леталиштето во регистарот мора да ги содржи основните податоци за работната или друга организација или за друго правно лице што го искористува леталиштето, како и податоци за местото каде се наоѓа леталиштето, за намената за која ќе се користи, за положбата и должината на полетно-слетната патека, за видовите воздухоплови што можат безбедно да полетуваат и да слетуваат на леталиштето, за времето и условите под кои може да се користи леталиштето и за пречките што се наоѓаат во зоната на леталиштето.

Член 9

Надлежниот орган е должен точно да ги внесе во регистарот сите податоци содржани во решението.

Ако при запишувањето во регистарот е направена грешка, исправката се врши на тој начин што погрешно запишаниот податок ќе се прецрта со црвено мастило и со црвено мастило ќе се запише податокот што е точен. Извршената исправка мора да се завери со потпис на лицето што ја извршило исправката.

Член 10

Согласно одредбите на членот 145 од Законот за воздушната пловидба носителот на правото за користење на аеродромот односно на леталиштето е должен да му ја пријави на надлежниот орган секоја промена која се однесува на податоците внесени во регистарот.

Кон пријавата од ставот 1 на овој член мора да се приложи исправа од која се гледа причината поради која е дојдено до промена на запишаните податоци.

Член 11

Аеродромот односно леталиштето се брише од регистарот:

1) ако аеродромот односно леталиштето е трајно неупотребливо за користење;

2) ако се напушта аеродромот односно леталиштето;

3) ако носителот на правото за користење постави барање за бришење на аеродромот односно на леталиштето од регистарот а надлежниот орган го прифати тоа барање.

Член 12

Барање за бришење на аеродромот односно на леталиштето од регистарот поднесува работната или друга организација или друго правно лице што го искористува аеродромот односно леталиштето.

Бришење на аеродромот односно на леталиштето од регистарот може да се врши и по службена должност ако настапат случаите од членот 11 точ. 1 и 2 на овој правилник.

Член 13

За бришењето на аеродромот односно леталиштето од регистарот надлежниот орган донесува решение.

Решението за бришење на аеродромот односно на леталиштето од регистарот содржи податоци за тоа по чие барање се врши бришењето од регистарот и за причините за бришењето од регистарот, како и датум на престанокот односно на забраната на користењето на аеродромот односно на леталиштето.

Бришењето во регистарот се врши со прецртување на називот и местото на аеродромот односно на леталиштето, а во рубриката за забелешки се става забелешка за престанок односно за забрана на користењето со назначување на називот на органот што го донел решението, како и на бројот и датумот на тоа решение.

Член 14

Аеродромите и леталиштата што на денот на влегувањето во сила на овој правилник се наоѓаат во употреба, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник треба да се запишат во регистарот според одредбите на овој правилник.

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр 09-2245
5 март 1971 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за
цивилна воздушна
пловидба,
**Батриќ Јовановиќ**, с. р.

**Образец 1**

СОЈУЗНА УПРАВА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА

Назив на аеродромот ——
Место ——————

Регистарски број ————
Ознака на аеродромот —

## РЕГИСТАР
## НА АЕРОДРОМИТЕ ЗА ЈАВЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

(Воздухопловни пристаништа)

### А. Податоци за аеродромот

1 Место каде се наоѓа аеродромот (катастарска општина) и оддалеченост од градот
2 Намена на аеродромот и класа во која е распореден
3 Ознака и правец на спружувањето на полетно-слетните патеки; координати на референтната точка на аеродромот и координати на оската на праговите на полетно-слетните патеки
4 Референтна температура и надморска височина (на референтната точка) на аеродромот
5 Попис на главните и придружните објекти на аеродромот
6 Попис на техничките средства и уредите што се наоѓаат на аеродромот, а служат за безбедност на воздушната пловидба
7 Попис на опремата за одржување на маневарските површини
8 Градење на аеродромот:
а) орган што ја определил локацијата, број и датум на решението;
б) датум на почетокот на изградбата;
в) датум на завршетокот на изградбата;
г) податоци за техничкиот прием и за колаудацијата на аеродромот, вклучувајќи ги и објектите

### Б. Технички податоци за аеродромот

| | | димензии | отпорност | површина | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 Технички податоци за маневарските површини | полетно-слетна патека | | | | |
| | патека за запирање | | | | |
| | претполе | | | | |
| | основна патека | | | | |
| | рулни патеки | | | | |
| | платформа | | | | |
| 2 Технички податоци за објекти на високоградба | назив на објектот | површина | конструкција | регулациона линија | |

3 Технички податоци за техничките средства и уредите што служат за безбедност на воздушната пловидба
4 Противпожарна опрема и апарати за гаснење пожар
5 Типови воздухоплови за кои е обезбедена опрема за прифаќање и испраќање
6 Податоци што се внесуваат во Зборникот на воздухопловните известувања (AIP)
7 Други податоци и промени (систем за снабдување со погонско гориво, вид гориво, резервно напојување со електроенергија, доградба, реконструкција и др.)

### В. Податоци за носителот на правото за користење на аеродромот

1 Назив на носителот на правото за користење на аеродромот, неговото седиште и адреса
2 Датум и број на решението за регистрација на работната или друга организација или одобрение за основање и работа на друго правно лице што е носител на правото за користење на аеродромот
3 Други податоци и промени (промена на носител на право за користење, интеграција и др.)

### Г. Ограничување на користењето и промени на ограничувањето

1 Ограничувања
(природни и вештачки пречки во просторот за приоѓање и слетување, обележувања, ограничувања за дневно и ноќно летање, привремено или постојано затворање врз основа на инспекциски наоди)
2 Промени на ограничувањето
3 Забелешки

**Образец бр. 2**

СОЈУЗНА УПРАВА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА

Назив на аеродромот —
Место ——————

Регистарски број ———
Ознака (седиште) ———

## РЕГИСТАР
## НА АЕРОДРОМИТЕ ЗА ОБУЧУВАЊЕ НА ЛЕТАЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И ЗА СПОРТСКИ ПОТРЕБИ (СПОРТСКИ АЕРОДРОМИ)

### А. Податоци за аеродромот

1 Место каде се наоѓа аеродромот и катастарски податоци
2 Намена на аеродромот и класа во која е распореден
3 Правец на спружувањето на полетно-слетната патека, координати на референтната точка на аеродромот и координати на оската на прагот на полетно-слетната патека
4 Попис на објектите на аеродромот
5 Податоци за градењето и датум и број на решението на органот што ја издал дозволата за користење на аеродромот
6 Други општи податоци за аеродромот и за промените (референтна надморска височина и температура, ограда околу аеродромот и др.)

**Б. Технички податоци за аеродромот**

1 Технички податоци за полетно-слетната патека
2 Технички податоци за објектите, постројките, техничките средства, опремата и уредите на аеродромот, ако постојат
3 Атести
4 Други податоци и промени (модернизација на коловозната постилка, доградби, снабдување со погонско гориво и др.)

**В. Податоци за носителот на правото за користење на аеродромот**

1 Назив на носителот на правото за користење на аеродромот, негово седиште и адреса
2 Други податоци и промени (промена на носител на право за користење, интеграција)

**Г. Ограничувања на користењето на аеродромот**

1 Ограничувања (пречки во просторот за приоѓање, ограничувања за дневно и ноќно летање)
2 Попис на пречките и нивна положба спрема полетно-слетната патека
3 Промени
4 Забелешки

**Образец бр. 3**

СОЈУЗНА УПРАВА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА

Назив на аеродромот —
Место ——————

Регистарски број ———
Ознака (седиште) ———

Р Е Г И С Т А Р

НА АЕРОДРОМИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОДДЕЛНИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И РАБОТНИ ИЛИ ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

(АЕРОДРОМИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ)

**А. Податоци за аеродромот**

1 Место каде се наоѓа аеродромот и катастарски податоци
2 Намена на аеродромот и класа во која е распореден
3 Правец на спружувањето на полетно-слетната патека, координати на референтната точка на аеродромот и координати на оската на прагот на полетно-слетната патека
4 Попис на објектите на аеродромот
5 Податоци за градењето и датум и број на решението на органот што ја издал дозволата за користење на аеродромот
6 Други општи податоци за аеродромот и за промените (референтна надморска височина и температура, ограда околу аеродромот и др.)

**Б. Технички податоци за аеродромот**

1 Технички податоци за полетно-слетната патека
2 Технички податоци за објектите, постројките, техничките средства, опремата и уредите на аеродромот, ако постојат
3 Атести
4 Други податоци и промени (модернизација на коловозната постилка, доградби, снабдување со погонско гориво и др.)

**В. Податоци за носителот на правото за користење на аеродромот**

1 Назив на носителот на правото за користење на аеродромот, негово седиште и адреса
2 Други податоци и промени (промена на носител на право за користење, интеграција)

**Г. Ограничувања во користењето на аеродромот**

1 Ограничувања (пречки во просторот за приоѓање, ограничувања за дневно и ноќно летање)
2 Попис на пречките и нивна положба спрема полетно-слетната патека
3 Промени
4 Забелешки

**Образец бр. 4**

СОЈУЗНА УПРАВА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА

Назив на леталиштето —
Место ——————

Регистарски број ———
Ознака (седиште) ———

Р Е Г И С Т А Р

НА ЛЕТАЛИШТАТА ШТО СЕ КОРИСТАТ ПОВРЕМЕНО

1 Место каде се наоѓа леталиштето — позиција на леталиштето
2 Намена на леталиштето
3 Правец на спружувањето на патеката и надморска височина
4 Димензии на леталиштето (должина, широчина)
5 Природа на земјишната почва и вид на коловозот
6 Ситуација со пречките на приодите и бочно од патеката на леталиштето
7 Кои воздухоплови можат да се користат и соодветни ограничувања
8 Време кога ќе се користи леталиштето
9 Подготовки, објекти и средства — опрема при организирање на леталиштето (обележување, буква „Т", противпожарни средства и сл.)
10 Назив на носителот на правото за користење на леталиштето, седиште — адреса
11 Назив на организацијата што врши определени авио-услуги, седиште — адреса
12 Други податоци за промените (обнова на регистрацијата, привремени ограничувања за користење, посебни услови, забрани и сл.)

---

## 163.

Врз основа на членот 45 став 2 од Законот за воените инвалиди од војните („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/65, 23/67, 54/67, 53/68, 56/69 и 60/70), во согласност со сојузниот секретар за финансии, Сојузниот совет за здравство и социјална политика издава

**Н А Р Е Д Б А**

**ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ДОДАТОКОТ ЗА НЕГА И ПОМОШ ОД СТРАНА НА ДРУГО ЛИЦЕ, НА ОРТОПЕДСКИОТ ДОДАТОК, НА ПОСЕБНИОТ ИНВАЛИДСКИ ДОДАТОК И НА СЕМЕЈНИОТ ДОДАТОК**

1. Додатокот за нега и помош од страна на друго лице, ортопедскиот додаток, посебниот инвалидски

додаток и семејниот додаток им се зголемуваат на корисниците на овие додатоци од 1 јануари 1971 година за 11%.

2. Зголемувањето од 11% се дава на износите на додатоците од точката 1 на оваа наредба утврдени според Наредбата за зголемување на додатокот за нега и помош од страна на друго лице, ортопедскиот додаток, посебниот инвалидски додаток и семејниот додаток („Службен лист на СФРЈ“, бр. 5/70).

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

05 бр. 565
23 март 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузниот совет за здравство и социјална политика,
д-р **Никола Георгиевски**, с. р.

---

**164.**

Врз основа на точката 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр 16/68, 27/68 и 30/69), во согласност со сојузниот секретар за стопанство и со сојузниот секретар за надворешна трговија, директорот на Сојузниот завод за цени издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1 Во Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр 11/71) во точката 1 се бришат одредбите под 41 и 42.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 17-332/1
25 март 1971 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за цени,
**Никола Филиповиќ**, с. р.

---

**165.**

Врз основа на членот 12 од Основниот закон за статистиката („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/66), во врска со одредбите од редниот број 18 на одделот Статистика на стопанските биланси на Планот на статистичките истражувања за 1971 година, кој е составен дел на Одлуката за донесување на Планот на статистичките истражувања за 1971 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 60/70), генералниот директор на Службата на општественото книговодство донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНИ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ АНКЕТА ЗА ПОЈАВИТЕ ВО ВРСКА СО ЛИКВИДНОСТА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Во Решението за спроведување анкета за појавите во врска со ликвидноста на стопанските организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/70) во точката 1 став 1 бројот: „1970“ се заменува со бројот: „1971“.

2. Во точката 2 бројот: „1969“ се заменува со бројот: „1970“ а бројот: „1970“ — со бројот: „1971“.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

О. бр. 35
17 март 1971 година
Белград

Заменик генерален директор
на Службата на општественото книговодство,
**Спасое Меденица**, с. р.

---

**166.**

Врз основа на членот 29 став 3 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЛОВЕЧКА МУНИЦИЈА

1. Во југословенскиот стандард Ловечка муниција — Ловечки фишек за пушка сачмарка — JUS H.D4.101, кој е донесен со Решението за југословенскиот стандард за ловечка муниција („Службен лист на СФРЈ“, бр. 44/65) во точката 3.2 во сл. 2а димензијата на височината на пресуваниот чеп: „$7^{0}_{-0,5}$“ се заменува со димензијата: „$7,5^{+0,5}$“.

2 Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 25-1270/1
19 март 1971 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с р.

---

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА ЧЛЕНОТ 43 СТАВ 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

I. Вишиот стопански суд од Љубљана поднесе барање за оцена на законитоста на членот 43 став 2 од Правилникот за регистрација на стопанските организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 57/65) со Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 17/65, 31/67, 48/68 и 55/69). Во наведената одредба на тој правилник е пропишана обврска присилниот управник во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението за определување на присилната управа на претпријатието да му поднесе на надлежниот суд пријава за запишување на присилната управа во регистарот на стопанските организации Вишиот стопански суд смета дека присилниот управник не може да бара запишување на присилната управа на претпријатието пред да стане решението на општинското собрание, што ја определило присилната управа, правосилно, а уште помалку пред правосилноста на тоа решение да можат да се менуваат органите на управувањето на претпријатието, бидејќи е тоа во спротивност со членот 92 став 1 од Основниот закон за претпријатијата

Сојузниот совет за правосудство, против чиј правилник е поведена постапката, се согласи со причините што ги изложи Вишиот стопански суд, но истовремено ги истакна тешкотиите до кои може да дојде, ако присилната управа на претпријатието не се спроведе брзо и ефикасно.

II. На јавната расправа Судот утврди дека со членот 188 од Основниот закон за претпријатијата сојузниот секретар за правосудство (сега Сојузниот совет за правосудство е овластен да донесе прописи за регистарот, за начинот на запишувањето во регистарот, за објавувањето на запишувањето во регистарот, за збирката на исправите која се води кон

регистарот и за начинот на издавањето на изводи од регистарот. Врз основа на ова законско овластување сојузниот секретар за правосудство, меѓутоа, во членот 43 став 2 од наведениот правилник, го обврзува присилниот управник пред правосилноста на решението за присилна управа на претпријатието да поднесе пријава за запишување на присилната управа во регистарот на стопанските организации, определувајќи го при тоа и рокот за поднесување на таа пријава. Судот смета дека сојузниот секретар за правосудство не бил овластен да постапи вака, бидејќи законот не содржи овластување за сојузниот секретар за правосудство да пропишува запишувањето во судскиот регистар да се врши пред правосилноста на решението од општинското собрание за определување на присилната управа на претпријатието Судот смета дека присилниот управник, пред правосилноста на тоа решение, не може да има својство на управник. ниту може да врши какви и да е дејствија од името на претпријатието.

Освен тоа наведената одредба на правилникот упатува на незаконитата практика што е констатирана на јавната расправа Во некои случаи, со самото запишување во регистарот пред правосилноста на решението за определување на присилната управа на претпријатието, им се одзема мандатот на членовите на органите на управувањето во претпријатието, а управувањето на претпријатието го презема присилниот управник Таквата практика очигледно е незаконита бидејќи според членот 92 од Основниот закон за претпријатијата престанокот на мандатот на членовите на орагните на управувањето е врзан за денот на правосилноста на решението за присилна управа на претпријатието.

Што се однесува на наводите на Сојузниот совет за правосудство дека постојат тешкотии во управувањето со претпријатието од денот на донесувањето на решението за определување присилна управа на претпријатието до неговата правосилност, Судот смета дека овие прашања треба да се решаваат со евентуална измена на Основниот закон за претпријатијата, а не со Правилникот за регистрација на стопанските организации.

III. Од наведените причини, а врз основа на членот 241 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ, по одржаната јавна расправа, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Се укинува одредбата на членот 43 став 2 од Правилникот за регистрација на стопанските организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 57/65)

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ“.

IV. Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и членови на Судот: Иван Божичевиќ, д-р Александар Фира, д-р Асен Групче, Радојка Катиќ, Шефкет Маглајлиќ, Никола Срзентиќ, д-р Иво Сунариќ и Јоже Земљак.

У бр 88/70
4 февруари 1971 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
**Блажо Јовановиќ**, с. р.

---

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ СМИСЛАТА НА ЧЛЕНОТ 3 ОД ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ И ПРАВА

I. Уставниот суд на Југославија со решението У — бр 375/70 од 9 декември 1970 година поведе постапка за утврдување смислата на членот 3 од Основниот закон за данокот на промет на недвижности и права („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65 и 32/68), бидејќи установил дека оваа одредба, кога е во прашање оданочувањето на правичниот надоместок применкаван за национализирано земјиште, во практиката различно се применува.

Со одредбата на членот 3 од Основниот закон за данокот на промет на недвижности и права е пропишано дека како промет на недвижности се подразбира пренос со надоместок на правото на сопственост на недвижност.

По повод иницијативата на Павиша Зорка, на која со решение на Секретаријатот за работите на приходите на Собранието на општината Ново Сараево и е разрежан данок на промет на недвижности на даночната основица што ја сочинува примениот надоместок за национализираното земјиште, Уставниот суд на Југославија во претходната постапка утврди дека едни општини не ги задолжуваат со тој данок сопствениците на национализираното земјиште, додека други општини ги задолжуваат со тој данок

На јавната расправа претставникот на Сојузната скупштина го изнесе мислењето според кое оданочувањето на правичниот надоместок со данок на промет на недвижности не е во согласност со концепцијата на правичниот надоместох.

II. Оценувајќи го подигнатото прашање Судот заседе становиште дека правичниот надоместок што се дава за национализиран имот не може да биде основ за пресметување данок на промет на недвижности, првенствено поради тоа што според членот 32 од Законот за експропријацијата при утврдувањето на правичниот надоместок не се зема предвид евентуално намалување на овој надоместок за износот на данокот на промет. Правичниот надоместок што се дава за национализирано земјиште не е адекватен ниту на прометната вредност ниту на некој друг објективен или субјективен критериум, туку се утврдува врз основа на низа различни фактори, кои сите заедно треба да дадат обесштетување на поранешниот сопственик на недвижноста. Според тоа, ако правичниот надоместок би бил основ за пресметување данок на промет на недвижности тој надоместок би бил намален и не би претставувал правично обесштетување.

Освен тоа, Основниот закон за данокот на промет на недвижности и права (член 3) како промет на недвижности подразбира пренос со надоместок на правото на сопственост и претпоставува, по правило, постоење договор за продажба односно замена на недвижност или право (член 16). Кај национализацијата, меѓутоа, ниту доаѓа до пренос на правото на сопственост ниту постои договор за пренос, туку со национализацијата се конституира општествена сопственост врз основа на закон, без оглед на согласноста на поранешниот сопственик.

Најпосле, Судот при заземањето на ставот имаше предвид дека законот не ја утврдува изречно обврската за плаќање данок на промет на надоместокот за национализиран имот.

III Со оглед на изложеното, а врз основа на членот 250 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1 Одредбата на членот 3 од Основниот закон за данокот на промет на недвижности и права не може да биде основ за утврдување на обврската за плаќање данок на надоместокот што се дава за национализирана недвижност.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ“.

3 Со оваа одлука да се запознае Сојузната скупштина.

**IV. Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав: претседател на Судот Блажо Јо-**

вановиќ и членови на Судот Иван Божичевиќ, д-р Асен Групче, д-р Јован Ѓорѓевиќ, Шефкет Маглајлиќ, д-р Александар Фира, Никола Срзентиќ, д-р Иво Сунариќ и Јоже Земљак.

У бр 375/70
5 февруари 1971 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
**Блажо Јовановиќ**, с р.

## СОДРЖИНА

Страна

129. Уставен закон за продолжување на мандатот на Претседателот на Републиката — 245
130. Сојузен буџет за 1971 година — — — 245
131. Закон за извршување на сојузниот буџет за 1971 година — — — — — — — 271
132. Закон за измена и дополнение на Законот за задолжително издвојување на остварениот дел од приходите на буџетот во 1970 година во посебна резерва — — 273
133. Закон за измена на Законот за привремено кредитирање на Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта — — — — 274
134. Закон за измена и дополнение на Законот за отстапување на републиките дел од приходот од сојузен данок на промет на стоки на мало — — — — — — 274
135. Закон за измена на Законот за учеството на федерацијата во отстранувањето на штетите од поплавите во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина — — 275
136. Закон за отстапување на Социјалистичка Автономна Покраина Косово дел на приходот од сојузниот данок на промет на стоки на мало — — — — — — 275
137. Закон за измена на Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници — — — — — — — — 276
138. Закон за измени на Законот за обезбедување на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството од 1 јануари до 31 март 1971 година — — — — — 276
139. Закон за дополнениja на Основниот закон за претпријатијата — — — — — 276
140. Закон за измени и дополненија на Законот за девизното работење — — — 277
141. Закон за обезбедување средства за кредитирање на извозот на опрема и бродови и за изведување инвестициони работи во странство на кредит во 1971 година 277
142. Закон за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство — — — — — — — — — 278
143. Закон за измена и дополнение на Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување — 280
144. Закон за регулирање на обврските на федерацијата настанати до крајот на 1970 година спрема фондовите на инвалидското и пензиското осигурување — — — 280
145. Закон за измена на Законот за продолжување на роковите за определување на стапките на придонесот за инвалидско и пензиско осигурување и за давање согласност на одлуките за тие стапки за 1971 година — — — — — — — — — 281
146. Закон за дополнениja на Основниот закон за пензиското осигурување — — 281
147. Закон за дополнение на Законот за воените инвалиди од војните — — — — 284
148. Закон за имена на Законот за боречкиот додаток — — — — — — — — — — 284
149. Закон за измени на Законот за сојузните придонеси од личниот доход на граѓаните — — — — — — — — — — — 284
150. Закон за измени на Законот за продолжување на роковите за утврдување на височината на придонесите и даноците на граѓаните за 1971 година — — — 285
151. Закон за дополнение на Основниот закон за придонесот за користење градско земјиште — — — — — — — — — 285
152. Закон за престанок на важењето на Општиот закон за финансиските средства за образование и воспитување — — — 285
153. Одлука за распоредот на девизите утврдени за потребите на федерацијата за 1971 година — — — — — — — — — 286
154. Одлука за одобрување на претсметките на приходите и распоредот на приходите на посебните сметки на сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации за I тримесечје на 1971 година — — — — — — — — — — 290
155. Одлука за доделување надоместок на резервните фондови на општините Дрниш, Книн, Сињ и Гацко од резервниот фонд на федерацијата — — — — — — 291
156. Одлука за одобрување на финансискиот план на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи за 1971 година 291
157. Одлука за признавање на Универзитетот во Загреб правата и обврските на сооснивач спрема Институтот „Руѓер Бошковиќ“ во Загреб — — — — — — — 291
158. Одлука за максималните цени и за начинот на формирањето на цените на вештачките ѓубриња — — — — — — 292
159. Наредба за дополненија на Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и девизните контингенти за увоз на стоки во 1971 година — — — — — — — 292
160. Упатство за содржината на одделните конта во посебниот Основен контен план за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување — — — — — — — 293
161. Упатство за содржината на одделните позиции во посебните обрасци на билансот за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување — — — — — — 301
162. Правилник за запишување на аеродромите во регистарот — — — — — — 302
163. Наредба за зголемување на додатокот за нега и помош од страна на друго лице, на ортопедскиот додаток, на посебниот инвалидски додаток и на семејниот додаток — — — — — — — — — — — 305
164. Наредба за измена на Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи — — — — — — — — — 306
165. Решение за измени на Решението за спроведување анкета за појавите во врска со ликвидноста на стопанските организации — — — — — — — — — — — 306
166. Решение за измена на југословенскиот стандард за ловечка муниција — — — 306

Одлука за оцена на законитоста на членот 43 став 2 од Правилникот за регистрација на стопанските организации — — — — — 306
Одлука за утврдување смислата на членот 3 од Основниот закон за данокот на промет на недвижности и права — — — — — — 307

**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ“, Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух. Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**